**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**
**Филозофски факултет во Скопје**

**- Последипломски студии по Менаџмент во образованието -**

# РАЗВИВАЊЕ НА НОВ ПЕДАГОШКИ КОНЦЕПТ ЗА БЕЗБЕДНИ СРЕДНИ УЧИЛИШТА

– магистерски труд –

**ментор:**

Доц. д-р Елизабета Томевска-Илиевска

**кандидат:**

Садудин Садики

**Скопје, јануари 2016**

# СОДРЖИНА

Вовед.....5

**I Теоретска рамка на истражувањето**.....6

1. Теоретски пристап кон проблемот .....7
2. Терминолошки определби и толкување на основните поими.....8

2.1. Дефинирање на поимот „Безбедни Училишта“.....11

2.2. Дефинирање на насилството.....13

2.3. Пристапот базиран на целата училишна заедница.....14

2.4. Конфликт и видови конфликти.....15

2.4.1.Најчести причини за појава конфликти во училиштето.....18

3. Педагошки концепт за безбедни средни училишта.....19

4. Краток опис за состојбата на насилствата во училиштата на ниво на држава и релевантните истражувања во оваа проблематика .....21

4.1. Најчести видови на насилни однесувања во училиштата.....24

**II Методолошка рамка на истражувањето**.....26

2.1. Проблем на истражување.....27

2.2. Предмет на истражување.....27

2.3. Цел и карактер на истражувањето.....27

2.4. Задачи на истаржувањето.....28

2.5. Хипотези на истражувањето..... 29

2.6. Варијабли на истражувањето.....29

2.7. Методи на истражување.....30

2.8. Техники и инструменти на истражувањето.....30

2.9. Популација и примерок на истражувањето.....30

2.10. Обработка на податоци.....34

2.11. Календар на истражувањето..... 34

**III Анализа и интерпретација на резултатите добиени од истражувањето.....35**

3.1. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од испитуваето на ставовите на Учениците..... 36

3.2 Анализа и интерпретација на резултатите добиени од испитувањето на ставовите и образовните потреби на Наставниците.....52
3.3. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од испитувањето на ставовите и образовните потреби на Стручните соработници во училиштата.....63
3.4. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од испитуваето на ставовите на Родителите.....73
**IV Заклучни согледувања и препораки.....80**
4.1. Заклучоци и препораки.....81
4.1.1. Заклучни сознанија- Ученици..... 82
4.1.2. Заклучни сознанија- Наставници.....86
4.1.3. Заклучни сознанија- Стручни соработници.....88
4.1.4. Заклучни сознанија- Родители.....89
4.2. Препораки.....91
**Литература**.....99
**Прилози**.....106

## Табели и Графикони

*ТАБЕЛАРЕН приказ на податоци за:*

Опфатеност на средни училишта по општини во проектните модели.....32

**Ставови на Учениците**

Табела бр. 1 Фреквентност според место на живеење.....36
Табела бр. 2 Фреквентност според град во кое се наоѓа училиштето.....36
Табела бр. 3 Фреквентност според национална припадност.....37
Табела бр. 4 Фреквентност според полот на ученикот.....39
Табела бр. 5 Ученици според користење на јавен превоз.....39
Табела бр. 6 Фреквентноста на јавување на насилствата според учениците.....40
Табела бр. 7 Каде се случуваат насилствата.....41
Табела бр. 8 Дали се чуствувате безбедни во училиште.....42
Табела бр. 9 Имаат ли влијание проектните модели врз намалување на насилствата.....43
Табела бр. 10 Т-тест за разликата на средните големини.....49
Табела бр. 11 Ниво на препознавање на насилства според град (т-тест).....50

Табела бр. 12 Влијание на воннаставни активности врз целта на проектните модели (т-тест)....51

**Ставови на Наставниците**

Табела бр. 1 Фреквентност според град во кое работите .... 52
Табела бр. 2 Вид на средно училиште .... 53
Табела бр. 3 Фреквентност според полот на професионалниот работник....53
Табела бр. 4 Фреквентност според национална припадност....53
Табела бр. 5 Фреквентноста на јавување на насилствата според наставниците....54
Табела бр. 6 Имаат ли влијание проектните модели врз намалување на насилствата....57
Табела бр. 7 Во текот на студирањето дали имале можност да се стекнат со особини за работа во мултикултурна средини....60
Табела бр. 8 Организатори на обуките....61
Табела бр. 9 Дали и колку се применуваат вештините стекнати од обуките....62

**Ставови на Стручни соработници**

Табела бр. 1 Фреквентност според град во кое работите....63
Табела бр. 2 Фреквентност според полот на професионалниот работник....65
Табела бр. 3 Фреквентност според национална припадност....65
Табела бр. 4 Фреквентноста на јавување на насилствата според стручните соработници..66
Табела бр. 5 Начини на постапување за превенција од насилство....68
Табела бр. 6 Колку сте задоволни од проектните модели....69
Табела бр.7Колку се согласувате дека проектните модели имаат влијание врз подобрување на меѓуетничките односи во заедницата....70
Табела бр. 8 Наведете кои обуки сте посетувале од областа на мултикултурно образование....71
Табела бр. 9 Дали и колку се применуваат вештините стекнати од обуките....72

**Ставови на Родители**

Табела бр. 1 Фреквентност според место на живеење....73
Табела бр. 2 Фреквентност според вид на училиште кое учи вашето дете....74
Табела бр. 3 Фреквентност според национална припадност....74
Табела бр. 4 Колку сте задоволни од концепциска поставеност на проектите....78

*ГРАФИЧКИ приказ на податоци за:*

**Ставови на Учениците**

Графикон бр.1 Видот на средно училиште во кое учат.........................................................37
Графикон бр.2 Успехот од предходна учебна година........................................................38
Графикон бр.3 Рангирање на видови насилства....................................................................40
Графикон бр.4 Механизми за препознавање и охрабреност за пријава на насилства..........41
Графикон бр.5 Колку сте задоволни од проектните модели................................................45
Графикон бр.6 Примена на вештини стекнати од проектите...............................................47
Графикон бр.7 Котирање на градови според препознавање на насилствата........................50
Графикон бр.8 Котирање на градови според ставови за влијание на воннаставни активности врз целта на проектите.........................................................................51

**Ставови на Наставниците**

Графикон бр.1 Видови на насилства според наставниците..................................................54
Графикон бр.2 Каде се случуваат насилствата според наставниците..................................55
Графикон бр.3 Препознавање и начин на превенција на насилствата.................................56
Графикон бр.4 Колку сте задоволни од проектните модели................................................57
Графиконбр.5 Дали се согласувате дека проектите имаат влијание врз меѓуетнички живот.......................................................................................................................59

**Ставови на Стручни соработници**

Графикон бр.1 Вид на средно образование каде што работат..............................................64
Графикон бр.2 Работно место во училиштето......................................................................64
Графикон бр.3 Видови на насилства според стручни соработници.....................................66
Графикон бр.4 Каде се случуваат насилствата .................................................................. 67
Графиконбр.5Влијанието на вонаставните активности кон подобрување и превенција..................................................................................................................69

**Ставови на Родтители**

Графикон бр.1 Оценка за безбедноста во училиштето.........................................................75
Графикон бр.2 Фреквентноста на насилствата според родители..........................................76
Графикон бр.3 Видови на насилства според родители.........................................................76
Графикон бр.4 Видови на насилства според сите субпримероци.........................................77
Графикон бр.5 Проектните модели имаат влијание врз меѓуетнички односи......................78

## ВОВЕД

Здравата и безбедната средина е императив за здрави и среќни деца. Оттука секој родител, наставник, училиште, како и општеството пошироко се стремат и превземаат активности за да обезбедат услови во кои учениците ќе растат, ќе се развиваат и ќе учат во хармонична и безбедна средина. Во таа насока е и мојата инспирација заедно со моето долгогодишно искуство во образовниот процес како училишен психолог во средно техничко училиште во мултиетничка средина ќе се обидам да спроведам и да преставам низа активности и заклучоци кои директно ја третираат оваа проблематика и во центарот на своето внимание ги имаат, токму, учениците и наставниот кадар.

Актуелноста на темата, барањата на училиштата, како и политиката на постојано јакнење на капацитетите на вработените во образовните институции за да можат поефикасно да се справат со секој предизвик, ја наметнуваат потребата постојано да се работи со учениците, наставниците, родителите и стручните служби во училиштата.

Нивната цел е подобрување на работната клима, намалување на секаков вид насилството, како и подобрување на односите меѓу сите субјекти во училиштето. Но, работењето на оваа проблематика не е новина во образовниот систем и е тема на која  се посветува особено внимание и важност. Имено, би сакал да споменам некои активности кои веќе се реализираат или се реализирани во нашата држава за оваа проблематика како активностите од Бирото за развој на образованието на Р.М со поддршка на Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје реализираше програма „Справување со насилството во основните и средните училишта во Р.М. Во рамките на оваа програма УНИЦЕФ го поддржа преводот и публикацијата на прирачникот „Намалување на насилството во училиштата - како да се сменат нештата“ од Советот на Европа, врз основа на кој се одржаа обуки во сите основни и средни училишта во земјава.

# I дел

# ТЕОРЕТСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

# 1. Теоретски пристап кон проблемот

*„Првото нешто кое треба да го научи детето, со цел активно дисциплинирање, е разликата помеѓу доброто и злото, а задачата на едукаторот лежи во подучување* на *детето да не го замени доброто со неактивност, а злото со активност“*

- Марија Монтесори

Проектните модели за безбедни училишта произлегуваат од националната стратегија за намалување на насилствата во училиштата 2012-2015 и очекувано се поставува прашањето: Дали овие проекти подржани од Министерство за образование и наука, Општините и невладините организации кои се директно поврзани со активностите на проектите во училиштата , ја постигнуваат својата примарна поставена цел или се одвиваат како многуте други формални проекти што се дел од образовниот процес во нашата држава?! Со ова истражување, се надевам, на крајот ќе се донесе заклучок за тоа дали, колку и како придонеле активностите на овие проекти за побезбедна и похармонична училишна средина. За да се појасни основата на ова проблематика ќе се обидам преку краток опис да ги опфатам поимот на безбедно училиште; понатаму, преку кус приказ на релевантните статистички податоци добиени од други релевантни субјекти и организации по однос на прашањето за „статусот” безбедносната клима во средното образование пред имплементација на овој проект. Секако во трудот ќе бидат елаборирани и други податоци добиени од други проекти, компатибилни на проблематиката која се препира во овој магистерски труд. Бенефитот од овој труд е во насока и на компаративен пристап кон резултатите од реализацијата на проекти кои ја обработуваат проблематиката на насилствата меѓу врсници во средните училишта на Р. Македонија.

**Клучни зборови:**

*Безбедни училишта; Насилство; Конфликт; Проектни модели.*

## 2. Терминолошки определби и толкување на основните поими

### 2.1. Дефинирање на поимот „Безбедни училишта"

Училиштето е една од најбезбедните средини за децата, каде што преку квалитетно образование ги поттикнува учењето и мотивацијата кај децата и им овозможува здрава училишна средина во која тие ќе се чувствуваат безбедно, заштитено и сигурно.

Учениците се столбот на секоја земја, а училиштата место каде што тие растат и се образуваат за да станат успешни во нивниот живот. Секое дете заслужува и треба да посетува училиште кое е безбедно, сигурно и мирно; училиште кое обезбедува индивидуализирана поддршка за учење, за развивање на неговиот по-тенцијал, и негово постојано надградување. Меѓутоа, во многу училишта недостатокот на почит кон наставниците и другите вработени во училиштето, како и почит на правата на другите ученици, ја потценува способноста на училиштата да обезбедат квалитетно образование на учениците.

Одговорноста на возрасните за креирање на што е можно подобри услови за безбедно растење и развој на децата се потврдуваат во Конвенцијата за правата на децата на Обединетите нации. Имено, во членот 19 став 1 се одредува одговорноста на државите потписнички *„да ги преземат сите законодавни и административни, социјални и образовни мерки поради заштита на детето од сите облици на физичко или ментално насилство, повреди или злоупотреби, занемарувања или немарен однос, малтретирање или експлоатација, вклучувајќи ја и сексуалната злоупотреба".* Понатаму, во членот 28 став 2 се вели дека *„Државите членки ги преземаат сите соодветни мерки за дисцпилината во училиштата да може да се спроведува на начин кој е во согласност со човековото достоинство и со оваа конвенција".*[1]

Но што се случува кога насилството ќе ја наруши оваа хармонија? Кога стравот и непочитта ќе завладеат во училишниот живот? На кој начин треба да се справиме со ваквата појава за да ја задржиме сигурноста и безбедноста која ја пружат училиштата?

[1] Стратегија за намалување на насилството во училиштата 2012-2015. (2012), Министерство за Образование и Наука, Скопје стр.11

Иако живееме во различни заедници и околности, сите ние стравуваме од насилството. Дури и кога насилството не нѐ засега лично, медиумите многу јасно ни ги доловуваат трагедиите и злосторствата кои се случуваат и во училиштата и надвор од нив. Денес, многу млади луѓе извршуваат насилство или, пак, самите се жртви на насилство или насилно однесување. Родителите сѐ повеќе се загрижени за безбедноста на своите деца. Насилството стана главна грижа на нашето општество, како и главен фокус на медиумите и политиката. Малтретирањето, употребата на оружје, бандите, како и сите останати видови агресија, се форми на насилство кои се среќаваат во училиштата. Насилството во училиштата може да се случи каде било на училишниот имот или на пат до училиштето или од него. Тоа, исто така, може да се случи и за време на училишните спортски натпревари, екскурзиите, приредбите, прославите и слично. Жртвите на насилство во училиштето може да страдаат од сериозни физички и психички повреди, а некои инциденти, за жал, завршуваат и смртоносно.

Добро е познато дека учениците кои се чувствуваат прифатени во училиштето имаат поголема веројатност да ги развијат своите животни вештини и да направат позитивен придонес за училишната култура и се со помала веројатност да извршат прекршок или насилство. Спротивно на ова, чувството на недоволна вклученост и заинтересираност за училиштето придонесува учениците да покажат нарушено и несоодветно однесување. Учениците кои чувствуваат дека не постигнуваат доволно на училиште, имаат поголема веројатност да наметнат проблеми со своето однесување.

На тој начин, доколку кон овие ученици се пристапи со поддршка и им се покаже чувство на прифатеност во училиштето, може да се очекува подобрување на нивното учење и однесување. Во тој случај би им се помогнало да останат во училиштето и да покажат интерес за училишниот живот и активностите.

Промовирањето на позитивно однесување преку грижлива и безбедна средина за учење и индивидуализиран пристап започнува од образовниот систем и училишниот кадар. Тие ја носат главната одговорност за работа со учениците, родителите и останатите партнери, за да се создаде средина во која секој ученик и возрасен ќе биде третиран праведно, непристрасно и со достоинство и почит. Добро осмислените стратегии, насоките и заложбите за превенција и интервенција на училишното насилство се од клучна важност за намалување на насилното однесување. Секое училиште, преку

сопствена анализа на бројот и зачестеноста на насилните акти, повреди и смртни случаи, доколку се случиле, може да ги идентификува факторите на ризик за насилството во нивното училиште.

Насилството во училиштата во нашата држава е појава пред која не смееме да ги затвораме очите. Имајќи предвид дека од страна на многу институции и меѓународни организации се прават напори за намалување на насилството, сосема е нормално да се преземаат превентивни активности и во училиштата. Постојано сме сведоци за врсничките тепачки во основните и средните училишта, каде, за жал, имаше и случаи со трагичен крај. Причините за ваквата зачестеност на девијантни однесувања од страна на малолетничката популација се од различен карактер: намален животен стандард, недоволното присуство на родителите во секојдневието на своето дете и ненавременото прифаќање на вистината за своите деца, намалената грижа на училиштата во однос на воспитната компонента, медиумите и развојот на технологијата преку која се овозможува пристап до секакви информации итн.

Во последните години, медиумите, Министерството за внатрешни работи (МВР) и многу невладини организации известуваа за драматичните и шокантни насилни инциденти кои сите нас нè оставија вознемирени и вчудовидени од размерот на потенцијалот за насилство во училиштата. Исто така, Концепцијата за деветгодишното основно воспитание и образование, на Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука се надоврзува на основите и принципите поставени уште во основно образование, каде што вели дека училиштето ќе ги преземе сите мерки на обезбедување - а) окружување кое не претставува потенцијална или реална закана по физичкото здравје и интегритет на учениците;

б) позитивна психосоцијална клима во училиштето;

в) доследно и редовно сензитивно спроведување на принципот на ненасилство од каков било облик;

г) можности за сите ученици во текот на редовната настава да стекнат вештини и сознанија за тоа како да го чуваат и унапредуваат здравјето, како да се справуваат со стрес и како со ненасилни методи да разрешуваат конфликтни ситуации.[2]

[2] Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование, МОН и БРО, февруари 2007, стр. 74

Честите закани и насилства во училиштата и надвор од нив служат како показател кон заклучокот дека насилство може да му се случи секому и секаде.

Растечката грижа на заедницата го насочува нејзиното внимание кон превенцијата од насилството. Оваа грижа се олицетворува низ прашањата: Како навреме да се идентификуваат знаците на насилство или насилно однесување? Кои други опции стојат на располагање при разрешувањето на насилството во училиштата? Како и колку училиштата се подготвени за справување со чинот на насилство во училиштата?

Затоа е важно училишната безбедност да не се гледа како посебна политика, туку како централна компонента на едно ефикасно училиште.

## 2.2. **Дефинирање на насилството**

Постојат многу дефиниции за насилство. Секоја од нив ја дефинира намерата да се нанесе повреда што го разликува насилството од другите негативни појави. Во оваа политика насилството ќе се дефинира во функција на негово препознавање, навремено реагирање, прекинување и санкционирање.

Според Светската здравствена организација „**насилство** е секоја намерна употреба на физичка или психичка сила/моќ. Насилството може да биде во форма на закана или пак да вклучува употреба на сила, насочена кон себеси, кон друго лице или пак, кон друга група/заедница. Завршува (или може да заврши) со физичка повреда, со смрт, со психичка штета, со нарушувања во развојот или со загуба“.[3]

**Физичко насилство** подразбира физички напад во било кој облик (удирање, туркање, напад и фрлање со предмети, скубење, плукање итн.) без разлика на тоа дали како резултат доведува до физичка повреда. Физичкото насилство може да доведе до полесни и потешки повреди, модринки, гребнатини, посекотини, оштетени алишта и сл., но и до усмртување на жртвата.[4]

[3] World report on Violence and Health, www.who.int/violence_injury_prevention/index.html

[4] Стратегија за намалување на насилството во училиштата 2012-2015. (2012), Министерство за Образование и Наука, Скопје, стр.7

**Психичко насилство** претставува однесување при кое се повредуваат чувствата и достоинството на жртвата. Психичко насилство се заканувањето, навредувањето, исмевањето, изнудувањето, принудувањето, замолчувањето и изолацијата. Последиците од психичкото насилство можат да бидат подолготрајни од оние на физичкото. Тие најчесто се одразуваат на намалување на самодовербата, повлекување во себе, немир, агресивност, немање желба да се оди на училиште/работа, намалување на успехот, главоболки, проблеми со варењето и други здравствени нарушувања, губење на апетитот, ноќно мокрење.[5]

**Малтретирањето** подразбира негативни физички и/или вербални акции кои имаат непријателска намера, предизвикуваат повреда на жртвата, кои се повторуваат и вклучуваат нееднаква моќ меѓу оние кои малтретираат и жртвите. Истражувањата посочуваат дека учениците кои биле жртва на малтретирање ги чувствуваат последиците од малтретирањето кои се одразуваат на сите аспекти психолошкиот, социјалниот, здравствениот, образовното функционирање и постојат поголеми шанси да практикуваат ризични однесувања.[6]

**Сексуалното насилство претставува облик на однесување кога** сè повредува достоинството и интимата со најразлични вербални и/или физички постапки. Тоа може да биде вознемирување кои се изразува преку упатување вербални и невербални пораки со сексуална конотација, кажување шеги со сексуална конотација, телесни допири, прикажување порнографски материјал, повреда на психичката интима на детето, хомофобични коментари и сексуален контакт.[7]

**Родово основаното насилство** произлегува од родовата нееднаквост и социјално конструираните родови улоги. Родовото насилство може да биде мотивирано од желбата да се казнат или омаловажуваат, најчесто девојчињата заради нивниот пол или

[5] Стратегија за намалување на насилството во училиштата 2012-2015. (2012), Министерство за Образование и Наука, Скопје, стр.7
[6] Исто, стр.7
[7] Исто, стр.8

сексуалност, или заради сексуален интерес или храброст. Овој вид на насилство се користи за заплашување, омаловажување и дискриминација.[8]

**Електронско насилство** – се однесува на насилството преку новите технологии и медиуми и може да биде преку пораки, слики, видео и аудио записи во кои се шират гласини, лаги, навреди или се нарушува приватноста и достоинството на личноста, испратени по електронска пошта, СМС, ММС, веб страници, социјални мрежи и сл.[9]

### 2.3. **Пристапот базиран на целата училишна заедница**

За да може ефикасно да се спречи насилството, училиштата треба да го земат предвид пристапот базиран на целата училишна заедница кој се фокусира на безбедноста и благосостојбата низ сите училишни практики. Пристапот базиран на целата училишна заедница има многу позитивни аспекти. Во неговата основа е застапен концептот на поврзаноста на децата со семејството (во домот) и со нивните врсници и наставници (на училиште) во рамките на една заедница, како дел од поширокото општество.

Пристапот базиран на целата училишна заедница го адресира училишното насилство како колективен предизвик. Ваквиот вид пристап кон ова прашање ја вклучува целата училишна заедница, вклучувајќи ги децата, младите, наставниците и останатиот училиштен кадар, родителите, образовните институции, локалната заедница и надворешните локални и меѓународни организации и има цел да ја подигне свеста за факторите на ризик од училишното насилство и да им овозможи на учениците и училишниот кадар вештини за развој на заштитните мерки. Овој пристап е подетално разработен во Прирачникот „Намалување на насилството во училиштата - како да се сменат нештата“ во издание на УНИЦЕФ, Скопје (Програма на Советот на Европа)[10]

Меѓутоа, пристапот базиран на целата училишна заедница зависи од меѓусебната поддршка помеѓу членовите на училишната заедница и нивно разбирање на клучните морални вредности како што се: одговорноста, почитта, довербата, праведноста, грижата за себе и за другите, граѓанската одговорност и слично.

[8] Исто, стр.8
[9] Исто, стр.8
[10] http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/ViolenceHandbook_MKD.pdf

Успешниот пристап, исто така, ги намалува случаите на насилно однесување преку зајакнување на односите помеѓу учениците и училишниот кадар. На овој начин, го поддржува емоционалното здравје, добро состојбата и потенцијалот за учење.[11]

## 2.4. **Конфликт и видови конфликти**

Мошне е тешко да се направи поделба на конфликтите според тоа што ги **предизвикува** и да се направи доследна типологизација.

*Конфликт на информации* - настанува по недоразбирање во комуникацијата ( на пр. погрешни информации, стари информации, неточни, лажни), кога постои недостаток на комуникација или нејзино избегнување ( недостаток на информации, парцијални информации кои лесно предизвикуваат озборувања, шпекулации...), при пренесување на т.н. тешки информации (контрадикторни, вознемирувачки...).[12]

*Конфликт на интереси* - се јавува поради спротивставени потреби, односно поради спротивставени начини на задоволување на исти потреби.

*Конфликт во односи* – настанува кога двете или едната страна почнат да продуцираат предрасуди за другата страна и да се однесуваат во склад со нив, што најчесто се прави за да си ја зголеми вредноста себе си или со помош на негативната слика за другите да формира позитивна слика за себе. Исто така, конфликт се јавува кога едната (или двете страни) почнат да ја занемаруваат својата одговорност и стануваат несигурни за другата страна. Ваквото – негативно однесување од другата страна се перцепира како нешто што го загрозува единството на групата. Кога ќе дојде до појава на вакво однесување трајно се пореметуваат односите помеѓу страните, полека се развива конфликт[13].

*Конфликт на ресурси* – настанува кога две или повеќе лица, односно страни сакаат нешто што го има малку, недоволно за сите во онаа мера во која се очекува.

*Конфликт на вредности* – се јавува во ситуации кога меѓу соговорниците се спротивставуваат системите на вредности и уверувања (на пр. како треба да се направи

[11] Cowie, H.;Dawn, J. (2008), Managing Violence in Schools:A Whole-School Approach to Best Practice, стр. 3 - 4
[12] Popadić, D. (2009). Nasilje u školama. Beograd: Institut za psihologiju, UNICEF. стр.44
[13] Исто, стр.45

нешто, какви луѓе треба да бидат, како да се однесуваат). Исто така, конфликт се јавува кога во екипите или групите со заеднички цели, ќе се појават разлики во визиите и целите, и тешко се постигнува согласување.[14]

*Структурален конфликт* – кога во една група, помалку или повеќе организирана, не постои јасна структура на односи кои владеат меѓу членовите, кога недоволно се дефинирани улогите и процедурите (групните и индивидуалните однесувања, обрасци...), кога е нејасна поделбата на одговорности, па поради тоа лесно се нафрлаат надворешните фактори – ограничувањата, стресот (на пр. премногу работа а недоволно ресурси и сл.), се јавува конфлакт кој длабоко допира во сржта на функционирањето на одредената група и сериозно ја пореметува нејзината функционалност.[15]

### 2.4.1. **Најчести причини за појава на конфликти во училиштето**

*1. Натпреварувачка атмосфера.* Доколку во групата постои натпреварувачка атмосфера, децата/младите се учат да работат едно против друго, наместо заедно да решаваат задачи и решаваат проблеми. Конфликтите често се јавуваат во ситуации кога:

- секој работи и се грижи за себе,
- нема развиени вештини за работа во тим,
- децата/младите се чувствуваат присилени да победат во интеракциите,
- не постои доверба во возрасните и другите деца/млади во училиштето/одделенито.[16]

*2. Нетолерантна атмосфера.* Нетолерантната група е полна со непријателство и недоверба. Во неа се јавуваат групирање и очигледна мрзеливост; децата/младите не знаат како едно на друго да дадат поддршка, бидат толерантни или љубезни. Конфликти можат да се јават во ситуации:

- правење блеење и жртвено јагне,
- нетолерантност кон националните и културните разлики,

[14] Исто, стр.45
[15] Исто, стр.47
[16] Мисија на ОБСЕ во Скопје (2012), „Истражување за мислењата на родителите за квалитетот на основното образование“, Агенција Рејтинг, стр.56

- недостаток на подршка од страна на врсниците што води кон осаменост и изолација,
- огорченост во однос на постигнувањата, имотот или квалитетите на другите.[17]

*3. Неадекватна комуникација.* Неадекватната комуникација создава посебно плодно тло за конфликти. Големиот број на конфликти настануваат по недоразбирање или погрешно толкување на намери, чувства, потреби или акции на други. Неадекватна комуникација или потполн недостаток на комуникација може да доведе до конфликт, кога децата/младите:

- не знаат да ги изразат своите потреби и желби,
- немаат на кого да ги изразат своите чувства и потреби, или се плашат да го направат тоа,
- не знаат како да ги сослушаат другите.[18]

*4. Неадекватно изразување на емоции.* Начинот на кој децата/младите ги изразуваат своите чувства игра важна улога во создавањето и развивањето на конфликтот. Конфликтите можат да се зголемат кога учесниците во него:

- ја изгубат врската со своите чувства,
- не ги познаваат конструктивните начини за изразување на бесот и фрустрациите,
- ги потиснуваат чувствата,
- немаат самоконтрола.[19]

*5. Недостаток на вештини за конструктивно решавање на конфликти.* Конфликтите во училиштето/одделението можат да се зголемат кога учесниците во нив /децата, младите, возрасните/ - не ги познаваат начините како креативно да реагираат на конфликтите. Родителите, професорите и врсниците често ги наградуваат, ги подржуваат насилните или мошне агресивните пристапи кон конфликтите.

*6. Злоупотреба на моќта од страна на возрасните.* Возрасните имаат силно влијание врз горе наведените фактори посебно кога:

---

[17] Исто, стр.58
[18] Исто, стр.58
[19] Исто, стр.60

- ги фрустрираат децата поставувајќи им нерационални и нереално високи очекувања,
- ги контролираат групата и поединците воведувајќи голем број нефлексибилни правила,
- доследно се стремат кон авторитативна употреба на моќта,
- воспоставуваат атмосфера полна со страв и недоверба.[20]

7. *Недоволни ресурси.* Недоволните ресурси во училиштето/одделението најчесто се однесуваат на ограничените средства за работа, физичките услови кои владеат, или мошне сиромашниот репертоар на активности кој се нуди. На пример, ако единствен начин да се поправи оцената е усното одговарање, лесно може да дојде до судир кога кој ќе биде на ред и ќе има своја шанса, или ако е ограничен бројот на компјутери и сл.[21]

8. *Различни вредности.* Различните вредности можат да доведат до конфликт кој најтешко се разрешува бидејќи допира најдлабоко во секого од нас и ги доведуваат во прашање оние верувања кои ни се најмили. Во тие ситуации веруваме дека нашата суштина е доведена во прашање, па секоја страна цврсто стои на својата позиција. Во овие конфликти спаѓаат оние кои се поврзани со религиозните, политичките, естетските уверувања. Во нив спаѓаат и конфликтите во врска со целите. Во училиштето може да се однесуваат на различни уверувања од тоа што е вистинска музика, до тоа како треба да се однесуваме едни кон други и кои се единствените вистински животни вредности.[22]

Во најголемиот број на ситуации тешко е да се одреди за кој вид на конфликти станува збор, како и што се причините.Обично се во прашање повеќе различни конфликти и повеќе различни причини.

---

[20] Исто, стр.62
[21] Исто, стр.63
[22] Исто, стр.63

## 3. Педагошки концепт за безбедни средни училишта

Проектните модели „Безбедни училишта" и „Медијација меѓу врсници" отпочнаа со реализација во 2012 година, и како дел од овие активности досега беше и училиштето во кое работам како училишен психолог веќе 10 години и како директен учесник во сите овие активности и сето оваа вкрстено со подршката од мојот ментор Елизабета Томевска-Илиевска се заинтригирав уште повеќе да ја истражувам оваа проблематика. Така што може да напоменам многуте активности кои течеа во форма на обуки, семинари, отворени денови, обработка на брошури и постери, спортски натпревари, отварање на медијациски клубови за учениците, медијација од самите ученици во конфликтни ситуации, јавно презентирање на самиот процес на медијација, и многу други активности кои ќе се прикажат и подоле во емпирискиот декл на истражувањето. И според тоа, оваа истражување е спроведена од моја страна со цел да се оцени имплементацијата и постигнатите резултати од проектите „Безбедни училишта" и „Медијација меѓу врсници", како и да се обезбедат препораки за предностите и придобивките од активностите спроведени со проектните модели со краен цел да сите овие заклучоци и препораки да формираат еден концизен педагошки концепт за безбедни средни училишта. Воедно препораките треба да овозможат предлози и размислувања за натамошни насоки за евентуални идни планирања на проектните активности од проектните модели од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Министерството за образование и наука, Министерството за внатрешни работи и Единиците на локалната самоуправа.

Проектните модели отпочнаа со реализација во 2012 година и во него беа вклучени 6 (шест) општини, 24 (дваесет и четири) средни училишта.[23] При реализацијата клучна улога имаа учениците, наставниците, стручните соработници во училиштата, родителите, директорите, назначените лица од Одделите за превенција на Министерството за внатрешни работи. Несомнено е значителна и поддршката на претставниците на општините и секако одговорните лица за реализацијата на проектните модели од Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Потребно е да се нагласи и подршката на Министерството за образование и наука и Министерството за внатрешни работи во Република Македонија .

[23] Министерство за образование и наука (2012), Меморандум за соработка помеѓу Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Министерството за образование и наука за спроведување на проектот: 11-5052-1 (31.08.2012).

Оваа истражување ги сумира сите релевантни документи поврзани со проектните модели „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсниците“ од периодот 2012-2014 година. Анализирани се Уставот на Република Македонија, законите од областа на образованието, Конвенцијата за правата на децата чиј потписник е и Република Македонија[24], Стратегијата за интегрирано образование, Стратегијата за намалување на насилство во училиштата 2012-2015, Меморандумите за соработка со сите релевантни чинители, Проектната документација и документите произлезени од проектот (Стратегии за превенција на општините, Кодекси на однесување на училиштата, Промотивни материјали, Самоевалуации, Прирачникот „Сите во акција за безбедно училиште“, Изданието „Врсничка медијација“[25], беше анализиран и Системот за евидентирање на инциденти кој е инсталиран во училиштата вклучени во проектните модели. Сите овие геренаведени документи се обезбедени од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје , ова ми овозможија и поради фактот што сум дел од овие активности веќе од 2012 година, затоа голема благодарност до Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Од доставените релевантни документи може да се констатира дека проектните модели „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“ се реализирани од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје во соработка и поддршка на Министерството за образование и наука и Министерството за внатрешни работи. Проектните активности се во согласност со Уставот на Република Македонија, законите од областа на образованието, во целост коренспондираат со националните политики на Владата на Република Македонија и се во насока на реализација на целите поставени во Стратегијата за интегрирано образование донесена во октомври 2010 година и Стратегијата за намалување на насилството во училиштата 2012-2015 година.

Потребата од реализација на проектните модели се потврдува со потпишување на Меморандум за соработка помеѓу ОБСЕ и Министерството за образование и наука бр. 11-5052/1 од 31.08.2012 година. Општините покажуваат висока свесност за постоење на причини за подржување и реализирање на проектните модели, и нивната волја ја

[24] Член 19 став 1 државите потписнички се одговорни „да ги преземат сите законодавни и административни, социјални и образовни мерки поради заштита на детето од сите облици на физичко или ментално насилство, повреди или злоупотреби, занемарувања или немарен однос, малтретирање или експлоатација.“

[25] Јованова-Стоилкова, Е. (2013), *Сите во акција за безбедно училиште:* Прирачник, Скопје: ОБСЕ

потврдуваат со потпишување на Меморандуми за разбирање со Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Со потпишувањето на Меморандумите општините ја покажуваат подготвеноста активно да се вклучат во сите проектни активности подржани и од МОН и МВР со цел создавање на интегриран систем на образование со безбедни училишта, градење на доверба при решавање на конфликти и превенција од конфликти. Во април 2014 година потпишан е нов Меморандум за соработка помеѓу ОБСЕ и МОН за спроведување на три проекти и тоа:

- Промовирање на подобри меѓуетнички односи преку образованието
- Обука на идните наставници од страна на МОН или невладини организации
- Медијација за промена.

Во текот на овие години додека се одвиваа проектните модели „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“ скоро сите средни училишта кои беа и се дел од овој процес успеа да состават кодекси на однесувања, правилници, прописи, стратешки планови и програми за превенција и намалување од насилствата и со спроведување на овие механизми од страна на сите инволвирани страни во целовкупниот образовен процес се надеваме на побезбедни и хармонични училишни средини, со посебен предзнак на сето оваа работа и онаа од мултикултурниот и мултиетничкиот сегмент во едукативниот и образовниот процес. Многу прашања и дилеми се покренаа во текот на одвивањето на проектните модели „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“ , со посебен нагласок на тие од педагошка природа, вреди да се напомене и дилемата дали овие проектни модели треба да се почнат со имплементација од основно образование или дури и во предучилишна возраст?! Потоа, како до издржливост на овие проектни модели во образовниот процес, или како некако да се вметнат во наставните план-програми бидејќи сепак се работи за една многу значајна компонента кое директно влијае врз квалитетот на образовниот процес!? Дали сегашните образовни вештини на наставниците и членовите од стручните служби се доволни за имплементација на чекорите на проектните модели?! Дали технички и финансиски се спремни училиштата или општините да имплементираат овие проектни модели?! Или пак дали моше и во кои наставни предмети може да се вметнат сегменти од активностите на овие проектни модели?! И ред многу други прашања и дилеми и со тоа се надевам дека на крајот на оваа истражување до дојдеме до позиција

за да некако одговориме на оваа проблематика и со тоа да воспоставиме еден здрав педагошки концепт за безбедни средни училишни средини со квалитетни образовни програми.

## 4. Краток опис на состојбата на насилствата во училиштата на ниво на држава и релевантните истражувања во оваа проблематика

При секое споменување на насилството како поим, често поставуваните прашања за дискусија се во насока на: Колку навистина преовладува насилството во нашите училишта? Во каква форма се појавува? Какви корени има? Какво влијание има врз учениците, наставниците, останатиот училиштен кадар, родителите и на образовниот процес, воопшто? Што може да се стори за да се намали ова зло и повторно да завладеат безбедноста и сигурноста во училиштата? И, се разбира, кој е одговорен за справување со насилството во училиштата?

Бидејќи кај нас во изминатиот период имаше појава на зачестени случаи на насилство, како во средните така и во основните училишта, и покрај тоа што голем дел од училиштата имаат агенции за обезбедување, кои се значајни за спречување на насилството, сепак, тие не се доволни за целосна безбедност и ефикасно справување со насилствата. Од страна на ОБСЕ, во 2012 година, се спроведе истражување во однос на оваа појава на 1321 случајно избрани семејства што имаат дете/деца во основно училиште и притоа од анализираните податоци се забележува дека родителите најмногу стравуваат дека нивните деца се изложени на насилство, пред сè, од страна на соучениците 43,4%, потоа од страна на трети лица 35,6%. Нешто помалку или 32,2% од родителите се плашат дека нивните деца се изложени на употреба на дрога, односно 17,8% сексуална злоупотреба и 15,3% на трговија со луѓе[26].

Најмалку загрижувачки за испитаните родители се принудната работа (10,1%), проституцијата (10,7%) и насилството од страна на вработените во училиштето (13,4%). Според етничката припадност, насилството од страна на соучениците е опасност од која најмногу се плашат родителите од македонската етничка припадност (45%) и од друга етничка припадност (52%), додека етничките Албанци, значително повеќе од

[26] Истражувања за мислењата на родителите за квалитетот на основното образование. (2012), OSCE стр.5

другите етнички заедници, стравуваат од преостанатите форми на насилство, односно стравуваат дека нивните деца би можеле да бидат изложени на трговија со луѓе (22%), насилство од страна на вработените (22%), сексуална злоупотреба (26%), проституција (18%) и принудна работа (19%).[27]

Врз основа на истражувањето почна да се имплементира проектот „Безбедни училишта – хармонични средини", што заеднички се реализира од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и локалните самоуправи на Скопје, Тетово, Охрид, Струга, Гостивар, Кичево, Битола, Македонски Брод и Прилеп. Со проектот се опфатени 51 средни училишта од деветте општини, а негова цел е да ги собере наставниците, учениците, родителите, полицијата, социјалните служби и сите останати засегнати членови на заедницата, заедно да работат на решавање на прашањето за безбедноста во училиштата, како и да се обезбеди активно учество на учениците и да се создаде чувство на заедничка одговорност.

Активностите што се реализираат во текот на учебната година, како и предлог-насоките се задолжителни за средните училишта со конкретни активности и мониторинга преземени мерки и активности.

Министерството за внатрешни работи (МВР) информира дека многу често малолетници се пријавувани како сторители на прекршоци против јавниот ред и мир вовлик на физички напад, викање, непристојно однесување и користење на недозволенисупстанции[28]. Од тие причини во 2011 година МВР го започна проектот „Полицијата ичениците се дружат", со цел училиштата поефикасно да се справат со насилството, каде што учениците ќе се чувствуваат безбедно, пришто секое основно и средночилиште има одговорен полициски службеник со кој учениците, наставниците ираководниот кадар имаат директен контакт. Истовремено во соработка со ОБСЕ, МВРма изработено прирачник „Реонскиот полицаец ве советува" кој е наменет занајмладата популација.[29]

Со воведувањето на пристапот на „Училиште по мерка на детето (УМД) вообразовниот систем на државата" од страна на Министерството за образование и наукаМОН) и Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје, во 2006 година се опфатија 6

[27] Исто, стр.22

[28] Министерство за внатрешни работи на РМ, (2012), Потпишан меморандум за старт на проектот „Безбедни училишта – хармонична средина", Малолетничка популација приоритетно место во секојдневното полициско функционирање

[29] Исто, стр.55

димензии:инклузивност, ефективност, здравје, безбедност и сигурност, родова сензитивност, партиципација и почитување на детските права и мултикултурализмот, со цел да сесоздадат училишта каде што децата се во центарот на вниманието и каде што ќестекнуваат знаења и вештини што ќе им бидат потребни во животот. Бидејќи димензијата здравје, безбедност и сигурност треба да обезбеди услови за правилен социјален, емоционален и физички развој на децата, за таа цел во 2008/2009 година еспроведено истражување за иницијалната состојба со насилството во основнитечилишта во нашата држава во учебната 2008/2009 година. Со истражувањето сеопфатени вкупно 1240 седмоодделенци од основните училишта. Од ова истражувањедобиени се следниве клучни податоци во однос на безбедноста на учениците:

- Најчести видови насилно однесување во училиштата се различните форми намалтретирање – навредување и исмевање меѓу учениците (36%), потоафизичките пресметки помеѓу учениците (29%) и физички пресметки помеѓуучениците од различна етничка припадност (15%). Уништувањето на училишниот инвентар (15%) како и насилното однесување на релација наставник - ученик(11%), исто така, застапени се, пред сѐ, во форма на навредување на учениците.10% од учениците изјавиле дека забележуваат и физичко казнување на ученицибарем еднаш во неделата, како и носење нож, стап/палка (8%) и пиштол (4%) на училиште[30].
- Според учениците тепачките најчесто се случуваат на оние места каде што тиего поминуваат најголемиот дел од слободното време, во училишниот двор иходниците, но и во училниците.
- Најчесто тепачките се случуваат за време на училишните одмори и периодот на доаѓање или враќање од училиште кога децата се надвор од надзорот иконтролата на возрасните. Најчести причини за тепачките, според учениците, се нетрпеливоста и недостатокот на разбирање на другиот, упатувањето на погрдни пораки, навредувањето, омразата, љубомората.[31]

[30] УНИЦЕФ, (2009), „Студија за иницијалната состојба со насилството во основните училишта во Македонија". Скопје

[31] Студија за иницијалната состојба со насилството во основните училишта во Македонија, Алгоритам центар во соработка со Бирото за развој на образованието, УНИЦЕФ http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/Studija za nasilstvo-MK(1).pdf

## 4.1. Најчести видови на насилно однесување во училиштата

- Навредување и исмевање 28%
- Физички пресметки 23%
- Физички пресметки помеѓу ученици од различна етничка припадност 12%
- Уништување на училиштен инвентар 12%
- Насилно однесување наставник –ученик 8%
- Физичко казнување на учениците 8%
- Носење на нож, стап/палка 6%[32]

Со оглед на тоа дека многу истражувања укажуваат дека овие однесувања се случуваат во околината на училиштето или во самото училиште, од тие причини се настојува со низа преземени активности од страна на МОН, БРО, МВР, ОБСЕ, УНИЦЕФ и други институции, да се создаде безбедна училишна средина каде што учениците правилно ќе се развиваат и ќе го негуваат живеењето во заедница врз основа на меѓусебно разбирање и разрешување на недоразбирањата по мирен пат.

Подолу се сумирани податоците добиени од **Студијата за однесувањето поврзано со здравјето кај децата на училишна возраст во Р. Македонија** од 2006 година на примерок од 4 147 ученици на 11, 13 и 15 - годишна возраст.

*Деца кои понекогаш биле малтретирани на училиште:*

7% од девојчињата и 14% од момчињата на 11 и 13 - годишна возраст;

5% девојчиња и 8% момчиња на 15 - годишна возраст

*Деца кои понекогаш учествувале во малтретирање:*

7% од девојчињата и 13% од момчињата на 11- годишна возраст;

6% девојчиња и 21% момчиња на 13 - годишна возраст;

7% од девојчињата и 20% од момчињата. на 15 - годишна возраст.

Во однос на учеството во тепачки истражувањето покажува висок процент на ученици 15% за девојчињата и 40% за момчињата кои учествувале во тепачки. Овој податок ја сместува Република Македонија на петто место во однос на останатите 46 земји

[32] Исто

учеснички во Студијата. Учениците кои учествуваат во тепачки најверојатно пушат и се опиваат, се чувствуваат осамени, неприфатени, несигурни во себе и нервозни, покажуваат податоците од Студијата. Висок процент на ученици пријавуваат дека носеле оружје изминатите 30 дена, и тоа момчињата значително повеќе од девојчињата. Процентот на ученици кои носат оружје е најголем на 15 - годишна возраст: 12% од момчињата етнички Македонци и 22% за момчињата етнички Албанци.[33]

[33] Исто

# II дел

# МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 2.1 Проблем на истражувањето

По горенаведените описно прикажани активности и статистики од проектните модели кои се имплементираат во училиштата од 2006 па до денес од страна на Уницеф, ОСЦЕ-Скопје, УСАИД во соработка со Министерството за Образование и Наука на Р. Македонија за намалување на насилството и за подигање на свеста на учениците и на сите релевантни страни во образовниот процес за креирање на една безбедна и хармонична училишна средина, се поставува прашањето кое е проблемот сто треба да се истражува во оваа наведена проблематика. И адекватниот и релевантниот одговор како и дефинирање на проблемот на истражувањето е**: Дали има позитивно влијание имплементацијата на горенаведените проектни модели врз подобрувањето и намалувањето на насилствата во училиштата и дали децата учат во побезбедни и похармонични средини по имплементирањето на проектните модели во гореспоменатите општини.**

Според податоците кои ќе се добијат од оваа изтражување ќе се компарираат со горенаведените податоци квалитативни и квантитативни и од тоа ќе се донесе заклучок за влијанието на проектните модели за безбедни и хармонични учлишни средини.

## 2.2. Предмет на истражувањето

Предмет на ова истражување ќе биде **присуството на насилствата во училишниот живот** во мултиетнички средини, потоа **видот на насилствата, местата каде се случуваат во училиштата и страните кои се опфатени во процесот на насилството**. Податоците ќе се добиваат од страна на дирекнто засегнатите страни во образовниот процес и тоа: учениците, наставниот кадар, педагошка служба, родители.

## 2.3. Цел и каралтер на истражувањето

Целта на истражувањето е проценување на концепциската поставеност и ефикасноста на проектите „Безбедни училишта", како модели за промовирање на превенција и интервенција на училишното насилство и нивнотовлијание врз зајакнување на меѓуетничките односи во средните училишта и во обезбедување безбедна училишна средина.

Целта на ова истражување е да се **утврди влијанието на проектните модели за безбедни и хармонични училишни средини врз намалувањето на нивото на насилствата** во училишниот живот во средните училишта во мултиетничките средини.

## 2.4. Задачи на истражувањето

Карактерот, слоевитоста и обемноста на ваквиот вид на истражување претпоставува реализирање на повеќе задачи, разновидни по својата природа. Тие се групирани според предвидуваните истражувачки чекори, и тоа: анализа на програмската поставеност на проектот „Безбедни училишта"; содржинска и функционална анализа на релевантната проектна документација (меморандуми за соработка, формативни евалуации, акциони училишни планови за безбедни училишта, проектни активности); испитување на ставовите и на образовните потреби од вклучените ученици од средните училишта; помошници-директори, стручни соработници, наставници и родители, како претставници од советите на родители и на училишните одбори;

1. Утврдување на влијанието на проектните модели врз подобрување на безбедноста на училиштата (позитивното или воопшто немање влијание)
2. Да се утврдат основните слабости и добрини на начинот на влијанието на проектните модели во училишниот живот
3. Да се испита нивото на освестување за препознавање на видовите насилства од страна на сите засегнати страни во образовниот процес
4. Да се испита влијанијата според нивоа на сите активности поединачни опфатени и имплементирани со проектните модели
5. Да се таргетираат слабите активности и влијателните активности од пројекните модели
6. Да се утврди потребата на други активности кои би требало да се имплементираат од страна на проектните модели
7. Да се испитаат образовните потреби на сите засегнати страни во образовниот процес за понатамошно успешно имплементација на проектните модели

## 3.2. Хипотези на истражувањето

**Општа Хипотеза**

Со истражувањето се претпоставува дека концепциската поставеност на проектите „Безбедни училишта", како модели за промовирање на превенција и интервенција на училишното насилство, позитивно влијае врз зајакнување и обезбедување безбедна училишна средина, врз намалувањето на насилствата, релаксирани и добри меѓуетничките односи во средните училишта.

**Посебни хипотези**

1. Имплементирањето на проектните модели „Безбедни училишта" позитивно влијае врз ставовите и образовните потреби на учениците.
2. Постои статистички значајна разлика во ставовите на учениците од различни општини за имплементирањето на проектните модели „Безбедни училишта".
3. Стручните соработници имаат позитивни ставови за концепциската поставеност и имплементација на проектните модели „Безбедни училишта".
4. Стручните соработници имаат образовни потреби за имплементација на проектните модели.
5. Наставниците имаат образовни потреби за имплементација на проектните модели „Безбедни училишта" и „Медијација меѓу врсници".
6. Родителите имаат позитивни ставови за имплементација на проектните модели „Безбедни училишта".

## 3.3. Варијабли на истражувањето

**Независни варијабли:**

Проектните модели компатибилни со истражувачкиот проблем.

**Зависни варијабли:**

**-Насилството** во ова истражување се јавува како **зависна варијабла** со кои ќе се покаже во каква состојба се наоѓа сегашната безбедносна ситуација во училишните средини во средното образование.

**-Ставовите и образовните потреби** на вклучените страни (субјекти) во процесот.

## 3.4. Методи на истражување

Во истражувањето ќе се користат повеќе методи со кои се обезбедуваат квалитетни сознанија, и тоа: анализа (структурална и содржинска), синтеза, дескрипција, индукција и генерализација.

## 3.5. Техники и инструменти на истражувањето

- Во истражувањето ќе се користат следните техники: анализа на релевантна документација, анкетирање.
- Во истражувањето ќе се користат следните инструменти: Прашалник за ученици (П/У-2015), Прашалник за педагошката служба (стручни соработници во училиштата) (П/ПС-2015), Прашалник за наставници (П/Н-2015), Прашалник за родители (П/Р-2015). Прашањата од првиот дел од прашалниците се наменети за добивање информации за општите податоци на испитаниците, и истите се од затворен тип. Прашањата во наредните делови се од: затворен тип, отворен тип, комбинација од отворен и од затворен тип, дел од прашањата се во форма на скали на проценка и некои имаат карактер на чек-листи.

## 3.6. Популација и примерок на истражувањето

Во истражувањето се опфатени повеќе разновидни примероци, и тоа:

### 2.9.1 Примерок на општини

Проектните модели се реализираат во 6 (шест) општини со мултиетнички состав на територијата на Република Македонија, и тоа во: Град Скопје (средните училишта се лоцирани во подрачјето на општините: Карпош, Бутел, Аеродром, Ѓорче Петров, Центар), Тетово, Гостивар, Кичево, Струга и Прилеп.[34] Имајќи во предвид дека целта на проектот е да ги зајакне релевантните чинители во сферата на образованието во Македонија за негување на подобри меѓуетнички односи преку образованието и во процесот на

[34] Според Министерство за образование и наука (2012), Меморандум за соработка помеѓу Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Министерството за образование и наука за спроведување на проектот: 11-5052-1

создавање безбедна средина во училиштата. Од тие причини при изборот на општините во кои се дејствува, основен индикатор е тие да бидат мултиетнички и мултикултурни средини. Реализацијата на проектните модели едновремено придонесе за спроведување на активности од „Стратегијата за намалување на насилството во училиштата“ (2012-2015 година), усвоена од Владата на крајот од 2012.

### 2.9.2 Примерок на средни училишта

Проектните модели се реализираат во средните училишта, застапени во средното образование, и тоа: гимназиско и средно-стручно во наведените општини. Проектите се реализираат во вкупно 24 (дваесет и четири)[35] средни училишта, и тоа: 7 (седум) средни училишта во Град Скопје, 5 (пет) средни училишта во Тетово, 5 (пет) средни училишта во Прилеп,во Гостивар се опфатени 3 (три) средни училишта, Кичево учествува со 2 (две)средни училишта, како и Струга со 2 (две) средни училишта.

Секое проектно училиште формира училишни тимови, и при тоа се именува училишен координатор. Секој училишен тим е составен од: ученици, родители, наставници, директор, помошник директор, стручни соработници (педагошко-психолошка служба) и назначено службено лице од МВР на ниво на општина.

### 2.9.3 Примерок на ученици

Како посебен суб-примерок во проектните модели се застапени учениците од сите години односно од прва, втора, трета и четврта година, од секое средно проектно училиште. Од секоја паралелка се одредуваат по тројца ученици, кои директно се вклучени во целокупниот проектен циклус. Од сите вклучени ученици во проектните модели, се прави избор на три или четири ученици во рамките на училишниот тим за **„Безбедни училишта“.** Вкупно во проектот учествувале по 272 ученици во секоја учебна година.[36]

[35]ДУФК „Методија Митевски Брицо“ од 2014 година самоиницијативно се откажала од учество во проектните активности

[36] ***Напомена:*** Во реализација на проектните активности во наведените училишта биле вклучени меѓу 500 и 560 ученици (во периодот од 2012 од 2014 година). Во истражувањето ќе се анкетираат вкупно **356 ученици.**[36]

Табела бр.1 Опфатеност на средни училишта по општини во проектните модели

| Град | Вклучени општина | Називи на училишта |
|---|---|---|
| **Скопје** | *Карпош* | СУГС „Здравко Цветковски” |
| | *Бутел* | СУГС „Арсени Јовков” |
| | *Аеродром* | СУГС „Димитар Влахов” |
| | *Ѓорче Петров* | СУГС „Кочо Рацин“ |
| | *Аеродром* | СУГС „Владо Тасевски“ |
| | *Аеродром* | СУГС „Марија Кири Склодовска“ |
| | *Центар* | ДУФК „Методија Митевски Брицо“ |
| **Тетово** | **Тетово** | ОСЕУ „8-ми Септември" |
| | Тетово | ССОУ „Моша Пијаде" |
| | Тетово | ОСМУ „Никола Штејн" |
| | Тетово | Гимназија „Кирил Пејчиновиќ" |
| | Тетово | ОССУ „Ѓоце Стојчески" |
| **Гостивар** | **Гостивар** | ОСТУ „Гостивар“ |
| | Гостивар | СОЕ „Гостивар“ |
| | Гостивар | СОУ „Гостивар“ |
| **Кичево** | **Кичево** | ОСУ „Мирко Милевски“ |
| | Кичево | ОСУ „Дрита“ |
| **Струга** | **Струга** | СОУ „Ибрахим Темо“ |
| | Струга | СОУ „Нико Нестор“ |
| **Прилеп** | **Прилеп** | СОЕПТУ „Кузман Јосифовски Питу“ |
| | Прилеп | СОУ „Ѓорче Петров“ |
| | Прилеп | СОУ „Ристе Ристески Ричко“ |
| | Прилеп | СОУ „Мирче Ацев“ |
| | Прилеп | СОУ „Орде Чопела“ |
| N | 6 | 24 |

### 2.9.4 Примерок на стручни служби

За успешно реализирање на проектните модели неопходно е вклучувањето на стручните соработници (педагошко-психолошката служба) во училиштата. На ниво на училиште се назначува по еден претставник од оваа служба, кој истовремено ја има и улогата на училишен координатор на проектниот тим. Во проектот биле вклучени 23 (дваесет и три) стручни соработници.Овие лица, освен обуките и активностите предвидени со проектот „Безбедни училишта", истотака се вклучени во реализација и на проектниот модел „Медијација меѓу врсници".[37]

### 2.9.5 Примерок на наставници

Како посебен суб-примерок во проектните модели вклучени се наставници од средните училишта. При тоа, четворица од нив се вклучени во училишните тимови од проектот „Безбедни училишта". Овие лица, освен обуките и активностите предвидени со проектот „Безбедни училишта", исто така се вклучени во реализација на проектниот модел „Медијација меѓу врсници". Вкупно во проектот биле вклучени 332 наставници (во периодот од 2012 од 2014 година). Во истражувањето ќе се анкетираат вкупно **182 наставници.**

### 2.9.6 Примерок на родители

Во проектните активности во секое средно училиште вклучени се најмалку по 4 (четири) родители, и истите се составен дел од училишниот тим за безбедни училишта. (N=92). Во истражувањето ќе се анкетираат вкупно **58 родители.**

[37] ***Напомена:*** Во реализација проектните активности во наведените училишта сукцесивно се вклучуваат речиси сите членови од стручните служби (односно над 50) (во периодот од 2012 до 2014 година). Во истражувањето ќе се анкетираат вкупно **41 член од стручната служба.**

## 2.10. Обработка на податоци

Во истражувањето се применува квантитативна и квалитативна обработка на податоците. При квантитативната обработка се користат неколку статистички постапки од областа на дескриптивната и инференцијалната статистика, и тоа: определува дистрибуција на фреквенција, процентуално и графичко претставување на фреквенциите, линеарна регресија и t-тест (податоци добиени од прашањата од зарворен тип). За обработка на податоците, од ваков карактер, се користи Статистички систем за социјалните науки (IBM SPSS 20.0). Останатите податоци, добиени од прашањата од отворен карактер, квалитативно се обработени и анализирани.

## 2.11. Календар на истражување

Истражувањето ќе биде реализирано во периодот од октомври 2015 до декември 2015 година. Истражувањето ќе се спроведе преку неколку етапи: подотовка на проект за истражување; изработка на истражувачки инструменти; теренско истражување-со анкетирање на суб примероците; подготовка на матрица за внес на податоци во SPSS системот; внесување на добиените податоци во SPSS системот, обработка на истите и потоа документирање на истите со соодветни квантитативни и квалитативни анализи; анализа и интерпретација на добиените резултати; извлекување заклучоци и препораки.

# III дел

# АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ДОБИЕНИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 3.1. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од испитувањето на ставовите на учениците

Во рамките на ова истражување беше спроведено анкетирање на вкупно 356 ученици од средното образование, од 6 општини на територијата на Република Македонија. Според анализираните податоци се констатира дека 69% од испитаниците доаѓаат од градска средина, наспроти 27.2% кои доаѓаат од рурални средини (табела бр. 1).

Табела бр. 1

**Прашање бр. 2: Место на живеење**

| | f | % | V% |
|---|---|---|---|
| Градска средина | 245 | 68.8 | 71.6 |
| Рурална средина | 97 | 27.2 | 28.4 |
| Неодговорени | 14 | 3.9 | |
| N= | 356 | 100 | 100 |

Од испитаниот примерок 58.4.% се од женскиот пол, а 41.6.% од испитаниците се од машки пол. Целната група е вклучена во имплементирањето на проектните модели „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“ во периодот од 2012 до 2014 година. Анкетирањето е целно поставено во насока на добивање релевантни податоци погодни за квантитативна и квалитативна анализа на ставовите на учениците од различни општини за имплементирање на проектните модели.

Табела бр.2

**Прашање бр. 1: Град во којшто се наоѓа Вашето училиште**

| | f[38] | % | V%[39] |
|---|---|---|---|
| Гостивар | 53 | 14.9 | 14.9 |
| Кичево | 20 | 5.6 | 5.6 |
| Прилеп | 84 | 23.6 | 23.6 |
| Скопје | 89 | 25.0 | 25.0 |
| Струга | 34 | 9.6 | 9.6 |
| Тетово | 76 | 21.3 | 21.3 |
| N= | 356 | 100 | |

Имајќи го во предвид фактот дека проектните модели се реализираат во средини со мултиетнички состав, очекувано е испитаниците да кореспондираат со оваа

[38] f (frekvence),мк:фреквенција
[39] V% (Valid Percent),мк:валиден процент

карактеристика. Од вкупно 356 испитани ученици, 58% се од македонската националност, 36.2% се од албанската националност, 3.7% се дел од турската националност и 2.5% од испитаниците се изјасниле дека припаѓаат на категоријата – други. (табела бр. 3)

Табела бр. 3

**Прашање бр. 6: Национална припадност**

| | f | % | V% |
|---|---|---|---|
| Македонска | 205 | 57.6 | 57.6 |
| Албанска | 129 | 36.2 | 36.2 |
| Турска | 13 | 3.7 | 3.7 |
| Друго | 9 | 2.5 | 2.5 |
| N= | 356 | 100 | |

Од анкетираните ученици најголем процент учат во средното стручно образование (76%), 23% од учениците се дел од гимназиското образование, а само 6% од суб-примерокот е од средното-уметничко образование. (Графикон бр. 1)




**Графикон бр.1 Фреквентност на ученици според вид на средно образование**

Доколку се анализира успехот на учениците кои се активни партиципиенти и „конзументи“ на проектните активности, а при тоа имајќи го во предвид и фактот дека изборот на учениците за учество во проектните модели најчесто го прават стручните служби при училиштата во консултација со класните раководители, евидентни се

податоците кои упатуваат на заклучок дека значаен фактор во изборот на учениците е постигнатиот успех на ученикот од претходната година, изразено во проценти 54% од учениците се со одличен успех, 28% постигнале многу добар успех, наспроти учениците кои во претходната година постигнале добар успех (16%), односно доволен успех (2%).




**Графикон бр.2 Процентуален фреквентност за успехот на учениците**

Овие податоци упатуваат на бројни прашања и дилеми кои заслужуваат сериозна понатамошна анализа и преиспитување на ставовите и мислењата на релевантните субјекти кои го прават изборот на учениците. **Се поставува прашањето: Дали одличните ученици се избираат заради модел на ненасилно однесување или можеби овие ученици имаат поразвиени лидерски способности меѓу учениците, наспроти учениците со понизок постигнат успех. Како второ се наметнува прашањето - Дали можеби при изборот на учениците се тргнува со „доза на предрасуда“ кон учениците со понизок успех во учењето-дека оној кој манифестира насилно однесување не може да одговори на барањата за зајкнување на концептот на безбедни училишта преку манифестирање на ненасилно однесување?**

Фреквентноста на учениците во истражувањето според пол резултира со 42% машки испитаници наспроти 58% ученици од женски пол. Табела бр.4

| Табела бр. 4<br>**Прашање бр. 5 Пол** | | | |
|---|---|---|---|
| | f | % | V% |
| Машки | 148 | 41.6 | 41.6 |
| Женски | 208 | 58.4 | 58.4 |

Од податоците на седмото прашање од првиот дел на прашалникот се добиваат податоци за тоа дали учениците користат јавен превоз до училиштето. Овој податок е директно поврзан со потенцијалните можности за манифестирање на различни видови на насилно однесување, од видот на: физичко, психолошко и малтретирање[40]. Најголем дел од учениците се изјасниле (67%) дека користат јавен превоз, наспроти исказите на 33% од учениците кои се изјасниле дека не користат јавен превоз дом-училиште-дом. (табела бр. 5)

| Табела бр. 5<br>**Прашање бр.7: Дали користите превоз до училиштето** | | | |
|---|---|---|---|
| | f | % | V% |
| Да | 238 | 66.9 | 66.9 |
| Не | 118 | 33.1 | 33.1 |

По однос на испитување на ставовите на учениците за фреквентноста на насилствата во нивните училишта, релевантни за концепциската поставеност на проектните модели, посебно за промовирање на концептот за „безбедни училишта", добиени се податоци кои покажуваат дека речиси повеќе од половина од учениците се изјаснуваат дека во нивното училиште „никогаш" не се јавуваат насилства (61.2%), речиси три пати помалку од испитаните ученици (17.3%) се изјасниле дека забележале насилство неколку пати во текот на годината. Речиси идентичен е процентот на изјавите на учениците кои укажуваат дека насилството е присутно „неколку пати во месецот", односно „секојдневно" (10% односно 8%), а само 4% се изјаснуваат дека насилството е присутно „еднаш неделно". По однос на видот на насилството учениците на прво место го апострофираат психолошкото и вербалното насилство, наспроти сексуалното насилство коешто најниско го рангираат.

[40]Во текстот поимот малтретирање е адаптиран од англискиот збор„bullying " (булинг)

Како повремени насилства кои се јавуваат во нивниот училишен живот, учениците ги издвојуваат вандализмот и малтретирањето. (табела бр. 6)




**Графикон бр.3 Рангирање на видовите на насилство според ученици и наставници**

Табела бр. 6

**II – дел**

**Прашање бр. 1: Колку често горенаведените видови насилство се јавуваат во Вашето училиште?**

| | | N | % | C%[41] |
|---|---|---|---|---|
| Фреквентноста на видови насилства | Никогаш | 1479 | 61.2 | 427.5 |
| | Неколку пати во годината | 418 | 17.3 | 120.8 |
| | Неколку пати во месецот | 234 | 9.7 | 67.6 |
| | Еднаш неделно | 93 | 3.8 | 26.9 |
| | Секојдневно | 192 | 7.9 | 55.5 |

**Истражувачки коректно е да се истакне дека очекувањата на истражувачите по однос на прашањето: Каде се случуваат насилствата (различни видови) „одат во неочекувана насока“, односно дека училницата е најпосочуваното место каде што се случуваат насилствата, спротивно од очекувањата дека истата би требало да биде „најсигурна“ организирана единица.** Прегледот на податоци укажува дека 37% од учениците ја маркираат училницата, за второ место на случување на насилствата се

[41]C%мк:процент на случај

наведуваат „во близина на училиштето“ и во „училишниот двор“, по што следуваат „училишниот хол“ и „јавниот сообраќај“. (табела бр. 7)

Табела бр.7

**Прашање бр. 2: Каде се случуваат наведените видови насилство?**

| | | N | % | C% |
|---|---|---|---|---|
| Каде се случувале насилствата | Учлница | 438 | 36.7 | 143.1 |
| | Училишен хол | 163 | 13.6 | 53.3 |
| | Училишен двор | 223 | 18.7 | 72.9 |
| | Во близина на училиште | 228 | 19.1 | 74.5 |
| | Во јавен сообраќај | 143 | 12.0 | 46.7 |

Во рамките на квантитативниот дел од истражувањето, се поставува прашањето во контекст на механизмите за препознавање на насилствата и охрабреноста за пријавување од страна на учениците. Половина од испитаниците (53%) одговориле дека имаат способност за препознавање и пријавување на насилството, а 15.2% немаат способности за препознавање и пријавување на насилствата.




Графикон 4.

**Графикон бр.4 Фреквентност на ученици според поседување на меканизми за препознавање на насилство и охрабреност за пријава**

Не треба да се занемари фактот кој говори дека постои несигурност кај средношколската популација по однос на ова прашање. (графикон бр.4). **Оттука се наметнува заклучокот дека во иднина треба да се работи на оваа компонента од**

**проектните модели, односно да се работи на зајакнување на способностите кај учениците за запознавање и препознавање на различните видови на насилство, како и нивно охрабрување во преземањето на наредни адекватни чекори.**

На учениците им беше поставено прашањето преку кое се испитува нивната перцепција за нивната лична безбедност во училиштето. Повеќе од половина од учениците (60%V) училиштето го сметаат за безбедна средина, наспроти соучениците кои се изјасниле дека не се чувствуваат безбедни, односно не се сигурни за нивната безбедност во училиштата, изразено во проценти 23.2%V односно 18%V коишто „не знаат" дали се безбедни во училиштата. При анализата на овие податоци треба да се земе во предвид и податокот за осумте проценти (8%) на ученици кои воопшто не одговориле на ова прашање. **Овие податоци кореспондираат со ставовите на учениците по однос на зачестеноста на насилствата, кои аналогно се поврзуваат со чувството за лична безбедност во училиштето. Од друга страна пак, причината за несигурноста и отсуството на личната безбедност во училиштето може да се побара во констатцијата на 37% изјаснети учениците според кои насилствата се случуваат во училницата.**(табела бр. 8)

Табела бр. 8

**Прашање бр. 3: Дали се чувствувате безбедни во училиштето**

| | f | % | V% |
|---|---|---|---|
| Не | 76 | 21.3 | 23.2 |
| Не знам | 58 | 16.3 | 17.7 |
| Да | 193 | 54.2 | 59.0 |

Поединечниот преглед на прашањето преку кое се детектираат начините на кои постапуваат учениците во ситуации на насилно однесување меѓу нив, укажува на тоа дека тие најчесто применуваат две алтернативи. Тие во голем процент (68.1%) применуваат медијација меѓу вклучените страни и во ситуации на насилно однесување ги информираат училишните тимови за безбедни училишта (32%).

**Токму ваквите пристапи и овој вид на способности се изразени кај учениците коишто биле вклучени во проектот „Медијација меѓу врсници", и истите се дел од тимовите. Овие податоци одат во прилог на констатирање на бенефитите од**

**проектните активности и развиените компетенции за „позитивен трансфер“ во практични ситуации.**

Сумарниот преглед на резултатите од прашањето преку кое се испитуваат ставовите на учениците за влијанието на воннставните активности, предвидени со проектните модели „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“ за превенција на насилното однесување, покажуваат дека 28.4%, од учениците се изјасниле за тоа дека истите имаат доволно влијание, но од друга страна пак со близок резултат од (27.1 %) се изјасниле дека не се сигурни за влијанието на активностите во кои учествуваат во превенирањето на насилното однесување. Не изостанува и ставот на учениците изразен во проценти од 12.6% кои сметаат дека овој тип на активности воопшто немаат влијание во спречувањето на насилното однесување.

Табела бр. 9

**Прашање бр.6: Влијанието на воннаставните активности со учениците од различни етнички заедници, како дел од проектните модели „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“ за превенција од насилно однесување .**

| | | N | % | C % |
|---|---|---|---|---|
| Воннаставни активности од проектот | Воопшто нема влијание | 621 | 12.6 | 184.3 |
| | Нема доволно влијание | 501 | 10.2 | 148.7 |
| | Не сум сигурен | 1336 | 27.1 | 396.4 |
| | Има доволно влијание | 1397 | 28.4 | 414.5 |
| | Има многу влијание | 1066 | 21.7 | 316.3 |

Истражувањето повторно актуелизира прашања поврзани со првобитната концепциска поставеност на проектните модели. Имено, **во воннаставните активности (спортски натпревари и фер-плеј турнири, обуки на теми од ненасилната комуникација, организирани училишни денови посветени на ненасилството, изработка на постери, училишни клубови за медијатори и др.), преку кои на креативен и непосреден начин треба да се промовираат моделите на ненасилно однесување, учениците се всушност активни чинители и учесници.**

**На оваа констатирана проектна цикличност се надоврзува потребата во иднина од страна на организаторите и реализаторите на проектните модели (стручните служби и наставниците) да се работи на подигнување на свесноста на учениците за примена на принципите од проектните модели во секојднeвниот живот.**

Од сумарната квалитативна анализа на податоците може да заклучи дека учениците биле вклучени во бројни воннаставни активности кои имаат најголемо влијание во разрешувањето на меѓуетничките конфликти и во подобрувањето на безбедноставо училиштето. Од анализата се забележува дека најзастапени се обуките за медијација – организирани од канцеларијата на ОБСЕ во Скопје, по што следуваат и други обуки, семинари и работилници: спортски активности, проект на USAID за меѓуетничка интеграција во образованието; дебати за безбедни училишта; предавање за трговија со луѓе, мир и толеранција; дебати за превенција на насилство, недела на различни култури; меѓуетнички камп за превенција од меѓукултурно насилство; проект за меѓукултурна замена; предавања за безбедност- МВР; размена на ученици меѓу градови; клубови за медијатори; денови против дискриминација; креирање страница на сајтот на училиштето; ПХВ- промовирање хумани вредности; изработка на постери, итн.

Од бројните податоци, во поглед на реализацијата на проектните активности и нивното влијаније врз учениците, се добива широк спектар од одговори, кои на крајот се насочуваат кон општиот заклучок дека учениците изразуваат задоволство од целокупниот проектен концепт и нивниот третман во истиот. Четириесет и пет проценти од учениците го маркираат исказот „сум задоволен“ и 19% се изјаснуваат дека „многу сум задоволен“, наспроти 5%-те од учениците кои се изјаснуваат дека „воопшто не се задоволни“. На прашањето колку сте задоволни од проектните модели „Безбедни Училишта и медијација меѓу врсниците„ фрекуентноста на одговорите резултира како на графиконот број 5 подоле.

Во овој дел на анализата неопходно е да се потенцира фактот дека во проектниот модел „Медијација меѓу врсниците“ не се вклучени сите испитаници од истражувањето, кои, пак, од друга страна целосно се вклучени во проектниот модел „Безбедни училишта“. Ова е аргумент којшто го „оправдува“ ставот на онаа категорија на ученици (17.4%) кои се изјасниле дека не се запознаени со проектните модели, а „симптоматичен“ е и податокот од 3.4% од учениците кои воопшто не одговориле на ова прашање.




Графикон 5.

**Графикон бр.5 Колку сте задоволни од проектните модели „Безбедни училишта„ и „Медијација меѓу врсници„**

Ваквите резултати индиректно зборуваат и за карактерот на проектниот модел „Медијација меѓу врсници“ според чиј концепт се планираат и реализираат бројни обуки и работилници наменети за учениците. Истите се квалификувани како многу интересни, со висок степен на интерактивност при реализирањето на содржини од областа на медијацијата, теми за кои оваа популација пројавува висок сензибилитет, притшто остваруваат и нови познаства со ученици и од други училишта и од различни етникуми. Посебно значаен е фактот дека обуките за медијација се организираат надвор од училиштето, а по активната партиципација, учениците се здобиваат со сертификат за учество на обука.

Овие податоци упатуваат на препораки во наредните фази од реализација на проектните модели, целокупната проектна ученичка популација да биде вклучена и во проектниот модел „Медијација меѓу врсници“.

На прашањето од учениците се бара да наведат кои наставни предмети најмногу им помогнале при планирањето и реализирањето на активностите од проектите „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“. Најголем дел од нив се изјасниле дека тоа е наставниот предмет Етика, по кој ги наведуваат: Граѓанско образование, Класниот час во кој се реализира Образование за животни вештини, Социологија, Мајчин јазик.

Од анализата на одговорите од учениците се согледуваат нивните ставови по однос на нивната убеденост од целисходноста на проектните активности во кои тие активно се вклучени. Тие наведуваат дека активностите им помагаат за намалување на насилството, истовремено имаат можности да се запознаат и да ги надминат предрасудите и стереотипите кон различните етникуми и култури, како предуслов за квалитетен соживот. Истровремено за првпат се информираат како да постапат во ситуации кога се манифестира насилството. Тие наведуваат дека преку активностите развиваат способности за разрешување на конфликти и на секојдневни проблеми со врсниците, добиваат совети за превенција на насилство, ги зајкнуваат нивните комуникациски вештини, посебно во делот на ненасилната комуникација и др.

Доколку на овие резултати се пристапи кон дополнителна анализа на целната и содржинската поставеност на наведените наставни предмети, веројатно ќе следува очекувана оправданост во однос и на можноста за корелација и интеграција на корпус содржини од областа на мултикултурното образование, ненасилната комуникација и видови на комуникација.

**Ваквите сознанија, меѓу другото упатуваат и кон детектирање на потребата од натамошна анализа на наставните планови и програми на наставните предмети Етика, Граѓанско образование, Класниот час во кој се реализира Образование за животни вештини, Социологија, Мајчин јазик, во насока на интегрирање со нови содржини од претходно наведените области.**

Истражувачката визија на ова истражување, но и во однос на базичната поставеност на проектните модели е да се утврди оспособеноста на учениците на ниво „на свесност“ и практична примена на стекнатите знаења и развиените вештини од областа на мултикултурното образование во секојдневните ситуации.

Релативно висок просек (60%) од учениците се изјаснуваат дека „понекогаш“ научените знаења и стекнатите вештини ги применуваат во секојдневието, наспроти овие ставови се ставовите на 21% од нивните соученици кои пројавуваат проактивно однесување во секојдневниот живот.




**Графикон бр.6 Применување на знаењата и вештините во секојдневниот живот стекнати од активностите на проектните модели „Безбедни училишта„ и „Медијација меѓу врсници„**

Релевантноста на овие податоци оди во прилог на заклучокот на позитивното и функционално рефлектирње на „проектната мисија“ врз ставовите и однесувањата на учениците во секојдневниот живот во мултиетнички средини. **Следејќи ги овие и другите податоци од истражувањето со другите целни групи, кои „вкрстено“ анализирани го даваат истиот резултат се наметнува потребата од продолжување и проширување со реализација на двата проектни модели со поширок примерок од средношколската популација, но и за симултано отпочнување со реализација и во раноучилишната возраст.**

**Секогаш отвореното прашање за одржливоста на проектните активности се поставува и во овој контекст, и кое отвора можности за интеринституционален пристап и третирање во процесот на изнаоѓање на најсоодветни одговори, преточени во решенија.**

Сумираните резултати од испитаните ученици даваат можност за воопштување на нивните образовни потреби, изразени како потреби од организирање на обуки/работилници кои ќе бидат во функција на учењето, и во животот воопшто со учениците во мултиетнички средини за превенирање и надминување на насилното однесување. Сепак може да се забележи дека најчесто нагласени се следните теми: поттикнување на морални вредности; етичкатолеранција; почит меѓу учениците;

мултикултурни забави; трговија со луѓе; модели за однесување надвор од училиштето; „да се ослободиме од стереотипи и предрасуди“; видови насилство и спречување на истото; толеранција (верска); заедничко изработување на традиционална облека; работилница за прикажување на последици од физичко и психичко насилство; теми за вербална комуникација; отворено разговарање за насилство; размена на обичаи; училиште без стереотипи; убаво однесување бон-тон; општество без предрасуди- „Мојата безбедност е и твоја безбедност“ и други предлози за теми и обуки.

Наведувањето на бројните теми за обуки и работилници за превенирање и надминување на насилното однесување од страна на учениците, не претставува само „еден лист на аналогија“ на знаења од областа, туку напротив ова укажува развиена свест и свесност на учениците за потреба од зајакнување на нивните знаења, развиеност на морални вредности потребни за современото граѓанско општество, како практични модели за превенирање и надминување на насилното однесување меѓу врсниците, независно од нивниот етнички „предзнак“.

Најчестите предлози од нивна страна, кои сугерираат за подобрување на проектните модели „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“ се однесуваат на потребата да бидат вклучени повеќе ученици од нивните училишта, ја нагласуваат потребата од организирање на поголем број на работилници од областа на мултикултурата, понатаму, според нивните мислења треба да се работи на поголема популаризација на проектот и да постои поголема информираност на ниво на локална заедница, да бидат презентирани повеќе теми на ниво на училиште, а семинарите и работилниците да имаат интерактивен карактер.

Од горенаведените анализи во врска со ставоците на учениците за нивната безбедност во училиштето, за нивните способности за препознавање на насилствата, за примената на меканизмите научени од страна на проекните модели „Безбедни училишта„ и друго може да заклучиме дека имплементирањето на проектните модели „Безбедни Училишта„ има позитивно влијание врз ставовите и образовните потреби на учениците, што значи и дека **првата посебна хипотеза „Имплементирањето на проектните модели „Безбедни училишта“ позитивно влијае врз ставовите и образовните потреби на учениците„ е одржлива и се прифаќа.**

Се поставува дилемата дали има разлика помеѓу учениците за препознавање на насилствата според нивниот пол, и според добиените податоци и по нивната обработка со статистичкиот метод на т-тест , добиваме следно:

**Табела бр.10 и 11. Т-тест за споредување на значајноста на разликите во средните големини за препознавање на насилството според полот на ученикот**

| | Пол | N | Средна Г. | Станд. Девија. | Станд. Грешка |
|---|---|---|---|---|---|
| Препознавање на насилство | Машки | 144 | 4.03 | 1.638 | .137 |
| | Женски | 195 | 3.97 | 1.565 | .112 |

**Independent Samples Test**

| | t-test за еднаквоста на средните големини | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | t | df | Sig. (2-tailed) | Разликат на Средни Г. | Станд. Грешка на разликата | 95% веродостојност на интервали | |
| | | | | | | Долниот | Горниот |
| Препознавање на насилство | .305 | 337 | .761 | .053 | .175 | -.292 | .398 |
| | .302 | 300.112 | .763 | .053 | .177 | -.294 | .401 |

Во првата табела трета колона се објавени средните големина за учениците според припадност на пол и тоа машките ученици имаат средна големина за препознавање на насилствата 4.03 за разликат од женските ученици кои резултираат со средна големина од 3.97, иаку во прв поглед се гледа разлика помеѓу двете средни големини сепак во втората табела четврта колона се прикажани двете сињификанци за значајноста на таа разлика и според тоа може да потврдиме дека сињификацата е поголема од вториот мерен интервал на веродостојност од 0.05 , што со други зборови може да кажеме дека горенаведената разлика помеѓу двата средни големини според пол на ученици за препознавање на насилствата нема статистичка значајност или **нема разлика помеѓу учениците за препознавање на насилствата според нивниот пол.** Постои релативно голем вариетет на искази меѓу учениците на ниво на градови, во однос на „механизмите за препознавање на насилно однесување и охрабреност за нивно пријавување“. Имено, според добиените резултати (според Tukey test) градовите се категоризираат во две групи, и тоа: во првата група се вбројуваат општините Гостивар, Кичево и Прилеп, каде учениците имаат висока просечна вредност за препознавање на насилно однесување и охрабреност во нивното дејствување, а додека пак според ставовите на учениците, градовите Тетово, Струга и Скопје се категоризираат со релативно пониска просечна вредност.(графикон бр. 7)

**Табела бр.12 Т-тест за споредување на значајноста на разликите во средните големини за препознавање на насилството според местото на живеење на ученикот**

| Град на Живеење | N | Subset for alpha = 0.05 | |
|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 |
| Струга | 27 | 3.52 | |
| Тетово | 72 | 3.60 | 3.60 |
| Скопје | 84 | 3.75 | 3.75 |
| Гостивар | 53 | 4.28 | 4.28 |
| Прилеп | 83 | 4.45 | 4.45 |
| Кичево | 20 | | 4.50 |




Котирање по просечна вредност на Градовите во проектните модели според нивото на препознавање на насилството

**Графикон бр.7**

Исто така значаен податок за анализа (според Tukey test) и изведување заклучок се експлицитните ставови на учениците за влијанието на воннаставните активности со ученици од различни етнички заедници за превенција од насилно однесување, како составен дел од проектните модели „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“. **Евидентна е дисперзираноста на ставовите по градови, односно оваа појава значително има доминанта улога во градот Прилеп, по што следува Скопје, и со помала израженост, според ставовите на учениците за влијанието на овој вид на воннаставни активности, следуваат општините Струга, Тетово, Гостивар и Кичево.**

Овие податоци го потврдуваат размислувањето дека во иднина постои потреба од дополнителни проектни програмски активности со учениците од мултиетничките средини кои отстапуваат од просечната вредност.(графикон бр. 8)

**Табела бр.12 Т-тест за споредување на значајноста на разликите во средните големини за влијаниеото на воннаставните активности според местото на живеење на ученикот**

| Град на Живеење | N | Subset for alpha = 0.05 | |
|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 |
| Кичево | 18 | 27.22 | |
| Тетово | 72 | 31.72 | |
| Гостивар | 52 | 32.46 | |
| Струга | 30 | 33.03 | 33.03 |
| Скопје | 82 | 33.48 | 33.48 |
| Прилеп | 83 | | 41.33 |




Котирање на Градови во проектните модели според ставовите на уцениците за нивото на влијанието на воннаставните активности во целта на проектните модели

**Графикон бр. 8**

Заклучните сознанија уште еднаш ја потврдуваат **втората посебна хипотеза „Постои статистички значајна разлика во ставовите на учениците од различни општини за имплементирањето на проектните модели „Безбедни училишта“„ за постоење разлики во ставовите на учениците од различни општини за имплементирањето на проектните модели „Безбедни училишта“.**

## 2.5. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од испитувањето на ставовите и образовните потреби на наставниците

Целната група на наставници е вклучена во имплементирањето на проектните модели „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“ во периодот од 2012 до 2014 година. Анкетирањето е целно поставено во насока на добивање релевантни податоци погодни за квантитативна и квалитативна анализа на ставовите на учениците од различни општини за имплементирањето на проектните модели. Анкетирањето во евалуациското истражување е спроведено со наставници од 24 средните училишта од 6 општини во кои се реализираат проектните модели. Тие претставуваат посебен суб-примерок, кои освен обуките и активностите предвидени со проектот „Безбедни училишта“, исто така се вклучени во реализација на проектниот модел „Медијација меѓу врсници“. Во периодот од 2012 до 2014 година во проектот учествуваа повеќе од 330 наставници. Анкетираниот примерок во истражувањето изнесува **182 наставници.** Според анлизираните податоци се констатира дека најголем процент од испитаните наставници се од скопските училишта (28%), потоа наставниците од Прилеп се застапени со (25%), по што следуваат наставниците од општините: Тетово (21%), Гостивар (11%), Струга (9.3%) и од средните училишта од Кичево анкетирани се вкупно(7%).

Табела бр. 1

**Прашање бр. 1: Град во кој работите:**

| | f | % | V% |
|---|---|---|---|
| Гостивар | 20 | 11.0 | 11.0 |
| Кичево | 12 | 6.6 | 6.6 |
| Прилеп | 45 | 24.7 | 24.7 |
| Скопје | 50 | 27.5 | 27.5 |
| Струга | 17 | 9.3 | 9.3 |
| Тетово | 38 | 20.9 | 20.9 |
| N= | 182 | 100 | 100 |

Од анкетираните наставници најголем процент работат во средното стручно образование (75%), а 25% однаставниците се дел од гимназиското образование. Дистрибуцијата на фреквенцијата на суб-примероците според видот на средното образование е речиси рамномерна со примерокот на учениците.

Табела бр. 2

**Прашање бр. 3:Вид на средно училиште во кое работите:**

| | f | % | V% |
|---|---|---|---|
| Гимназиско образование | 45 | 24.7 | 24.7 |
| Средно стручно образование | 136 | 74.7 | 74.7 |

Од испитаниот примерок доминираат наставниците од женскиот пол (71.3%), а 29% од наставниците се од машки пол.

Табела бр. 3

**Прашање бр. 4: Пол:**

| | f | % | V% |
|---|---|---|---|
| Машко | 51 | 28.0 | 28.7 |
| Женско | 127 | 69.8 | 71.3 |
| Неодговорени | 4 | 2.2 | |

Имајќи го во предвид фактот дека проектните модели се реализираат во средини со мултиетнички состав, очекувано е испитаниците да кореспондираат со оваа карактеристика. Од вкупно испитаните 182 наставника, 64% се од македонската националност, 33% се од албанската националност, 2.2% се од турската националност и 1.1% од испитаниците се изјасниле дека припаѓаат на категоријата – други. (табела бр. 4)

Табела бр. 4

**Прашање бр. 5: Национална припадност:**

| | f | % | V% |
|---|---|---|---|
| Македонска | 115 | 63.2 | 63.9 |
| Албанска | 59 | 32.4 | 32.8 |
| Турска | 4 | 2.2 | 2.2 |
| Друго | 2 | 1.1 | 1.1 |
| *Неодговорени* | 2 | 1.1 | |

Преку испитување на ставовите на наставниците за фреквентноста на насилствата во нивните училишта, релевантни за концепциската поставеност на проектните модели, посебно за промовирање на концептот за „безбедни училишта“, добиени се податоци кои покажуваат дека речиси повеќе од половина на наставниците се изјаснуваат дека во нивното училиште „никогаш“ не се јавуваат насилства (44%), а 33.2% од испитаните наставници се изјасниле дека забележале насилство неколку пати во текот на годината.

Процентот на изјавите на наставниците кои укажуваат дека насилството е присутно „неколку пати во месецот“ изнесува 11.5%, „секојдневно“ (6.8% ), а само 5% се изјаснуваат дека насилството е присутно „еднаш неделно“.




Графикон 1.

**Графикон бр.1 Видови на насилства според наставниците**

| **Табела бр.5**<br>**Колку често се случуваат горенаведените насилства во училиштето?** | | | |
|---|---|---|---|
| | Одговори | | С% |
| | f | % | |
| Никогаш | 448 | 43.7 | 256.0 |
| Неколку пати во годината | 340 | 33.2 | 194.3 |
| Неколку пати во месецот | 118 | 11.5 | 67.4 |
| Еднаш неделно | 49 | 4.8 | 28.0 |
| секојдневно | 70 | 6.8 | 40.0 |
| N= | 1025 | 100 | 585.7 |

Доколку се споредат резултатите од ова прашање со одговорите на учениците, може да се констатира дека соодносот помеѓу категориите за зачестеност на насилствата меѓу средношколската популација е во голема корелација, со што се потврдува конзистентноста на ставовите на двете испитувани групи.

Прегледот на податоци укажува дека 31% од наставниците училницата ја маркираат на прво место (податок кој целосно кореспондира со добиените податоци од анализата на ставовите на учениците), за второ место на случување на насилствата се наведува „училишниот двор“ (25.4%), по што следува „училишниот хол“ (19.1%) и „во близина на училиштето“(16%), а како најретко место кадешто се случуваат насилствата меѓу врсниците го наведуваат јавниот превоз (9%). (графикон бр.2)

**Истражувачки коректно е да се истакне дека очекувањата на истражувачите по однос на прашањето: Каде се случуваат насилствата (различни видови) „одат во неочекувана насока“, односно дека училницата е најпосочуваното место кадешто се случуваат насилствата, спротивно од очекувањата дека истата би требало да биде „најсигурна“ организирана единица**(заклучок кој целосно кореспондира со добиените податоци од анализата на ставовите на учениците)




**Графикон бр.2 Каде најчесто се евидентираат насилства во училиштето**

Училиштето е средина која треба да е безбедна за сите ученици. Наставниците и училишниот кадар не треба да го занемаруваат инцидентот, туку треба да бидат соодветно едуцирани и да интервенираат на адекватен начин. Со проектните модели „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“, наставниците треба да бидат опфатени и едуцирани во насока на тоа со кои релевантни субјекти и институции треба да соработуваат.

**Од таа причина, посебно значајно истражувачко прашање е детектирањето на механизмите на постапување во процесот на превенција на насилно однесување и охрабреност за пријавување на истите.** Овој концепт се очекува да вроди со позитивни ефекти во насока на зајакнување на безбедноста во училиштата. Евидентно е дека дисперзираноста на бројот на наставниците укажува дека две третини од нив (71.50 %) ги потврдуваат ставовите за висок степен на поседување на компетенции за рано дијагностицирање, предупредување и охрабреност за пријавување, изразена преку „интервенирање со конкретни акции", а наспроти овие со релативно низок процент, наставниците кои се изјасниле дека „не ги поседуваат" наведените компетенции (9%).




Графикон 3.

**Графикон бр.3 Колку наставниците препознаваат насилство и колку имаат начини за превенција од такво однесување**

**Овие податоци одат во прилог на потврдување на хипотетската рамка, според која концепциската поставеност на проектните модели, кои предвидуваат и „корпус" на обуки и работилници кои, како „меѓуцел" ја поставуваат стручната компетентност на наставниците, како еден многу значаен „елемент" во „мозаикот" на подигнување на квалитетен живот во безбедни училишни средини, со епитет-мултиетнички.**

Анализата на резултатите од прашањето преку кое се испитуваат ставовите на наставниците *за влијанието на воннаставните активности со ученици од различни етнички заедници*, предвидени со проектните модели „Безбедни училишта" и „Медијација меѓу врсници" *за превенција на насилното однесување*, покажуваат дека речиси 70% од наставниците се изјасниле за тоа дека истите „имаат доволно влијание" (43.3%) и „имаат големо влијание" (29.4%). (табела бр.6)

Табела бр.6

**Прашање бр. 5: Влијанието на воннаставните активности со учениците од различни етнички заедници, како дел од проектните модели „Безбедниучилишта" и „Медијација меѓу врсници" за превенција од насилно однесување .**

| | f | % | C % |
|---|---|---|---|
| Воопшто нема влијание | 60 | 2.5 | 34.3 |
| Нема доволно влијание | 193 | 8.0 | 110.3 |
| Не сум сигурен | 408 | 16.8 | 233.1 |
| Има доволно влијание | 1049 | 43.3 | 599.4 |
| Има големо влијание | 712 | 29.4 | 406.9 |

Во прилог на оваа констатација се надоврзуваат и ставовите на наставниците од истражувачкиот дел во кој се испитуваат нивните ставови за тоа колку „се задоволни", воопшто, од концепциската поставеност на проектите. При тоа не треба да се занемари високиот процент кој говори дека дури над 80% се изјаснуваат за двата највисоко рангирани тврдења „сум задоволен" и „многу сум задоволен" (графикон бр.4).




Графикон 4.

**Графикон бр.4 Колку наставниците се задоволни од проектните модели „Безбедни училишта „ и „Медијација меѓу врсници„**

Овие ставови се потврдуваат и преку **квалитативната анализа на податоците, според која наставниците ги аргументираат проектните бенефити, според кои проектните модели влијаат врз формирањето на ставовите кај учениците, врз намалување на физичкото и вербалното насилство, притоа се зголемува нивниот степен на толеранција. Воннаставните активности придонесуваат за подигнување на квалитетот на наставата, со поддржување на континуирана комуникација меѓу учениците од различни етникуми, а на тој начин се развива моделот на „безбедни субјекти“ во околината во која работат. Преку промовирање на заеднички и пријателски однос и соработка, кај младите се надминуваат стереотипите и предрасудите кон „другиот-поразличен од мене по јазик, култура и вероисповест“. Наставниците се изјаснуваат дека овој модел се проектира и меѓу наставниот кадар од различни етнички заедници (lifelong learning).**

Овој дел од истражувањето, не упатува на заклучок, според кој наставниците и стручните соработници го поддржуваат концептот за организирање и реализирање на воннаставни активности заедно со учениците од средношколската популација, за подигнување на свеста за ненасилно однесување и обезбедување безбедни средини за учење и живот во мултиетничките средини. Овие податоци ги потврдуваат позитивните ставови на наставниците за воннаставните активности, кои резултираат од двата истражувани проектни модели.

На прашањето: Колку се согласувате со констатацијата дека реализацијата на проектните модели за „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“ имаат значајна улога во подобрување на меѓуетничките односи во заедницата?

Од прегледот на податоците прикажани во графиконот бр. 5 се констатира високиот процент на согласување на наставниците во однос на значајната улога која што ја имаат проектните модели врз подобрувањето на меѓуетничките односи во заедницата. Оваа констатција ја потврдува „позитивната мисија“ на проектите изразени преку ставовите, според кои проектните модели овозможуваат: разбирање и соработка меѓу учениците, наставниците и родителите; влијание за зајакнување на соработката и подобрување на меѓуетничките односи; преку развивање на компетенции за разрешувањена конфликти. **Може да се заклучи дека анализираните ставови имаат „заеднички именител“ кој се**

**базира на два основни постулати: намалување на насилството и градење мултиетнички живот во безбедни средини.**




Графикон 5.

**Графикон бр.4 Колку наставниците се согласуваат дека проектните модели „Безбедни училишта „ и „Медијација меѓу врсници„ влијаат врз подобрување на меѓуетнички односи**

Од податоците добиени од овој дел од истражувањето може да се генерализираат предлози кои ги сугерираат наставниците, а се однесуваат за подобрување на реализација на проектните модели за „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“ со цел да имаат поголемо влијание во подобрувањето на меѓуетничките односи во заедницата. Меѓу наведените предлози најчести се:едукација за нови техники и методи, потреба од повеќе средби на овие теми, вклучување поголем број на ученици и наставници од проектните училишта, вклучување на ученици и од други училишта, потреба од организирање предавања и обуки од соодветната област, поголемо набљудување на односите меѓу учениците за време на наставните часови и училишни одмори, проширување на лепезата со други училишни активности, активно учество на родителите, отворање клубови за медијација и нивно активно практикување, организирање повеќе трибини за превенција од насилство, организирање дебати, натпревари, изложби со различна тематика, итн.

Во поглед на иницијалното образование на наставниците, интересен е податокот кој говори дека дури половина од испитаните наставници (52%) потенцираат дека во текот на

нивното студирање имале можност да развијат вештини за работа во мултикултурна средина, но не се за потценување ниту ставовите од десетте проценти од испитаниците кои се определиле за тврдењето дека „не се сигурни“ во наведеното тврдење, а 36.3%, пак, од испитаните наставници се изјаснуваат дека „немале можности“ во текот на нивното иницијално образование да развијат вештини за работа во мултикултурна средина.

Овие податоци, од своја страна, го отвораат прашањето за тоа колку високообразовните установи кои продуцираат кадар за работа во средното образование, во рамките на студиските програми, предвидуваат предметни програми или „скриени“ наставни содржини кои нудат знаења и развивање на стручни компетенции на идните наставници за работа со ученици во мултикултурна средина.

**Доколку на овие податоци се надоврзат претходните констатации на наставниците преку кои се согледува големата поддршка што ја даваат на реализацијата на проектните модели, и истовремено имајќи го фактот што тие изразуваат висок процент на задоволство од нивната интегрираност во проектните процеси, може да се констатира дека обуките и семинарите кои наставниците ги посетуваат, како составен дел на нивниот професионален и кариерен развој, се наведува заклучокот дека проектните модели претставуваат своевидни „компензирачки активности“ на иницијалното образование на наставниците.**

Табела бр.7

**Прашање бр. 1: Во текот на Вашето студирање сте имале можност да развиете вештини за работа во мултикултурна средина**

| | f | % | V% |
|---|---|---|---|
| Не сте имале такви можности | 66 | 36.3 | 37.1 |
| Не сте сигурни | 18 | 9.9 | 10.1 |
| Сме имале таква можност | 94 | 51.6 | 52.8 |
| Неодредени | 4 | 2.2 | |

Од таа причина, како препорака од овој дел од истражувањето се наметнува потребата од анализа на студиските програми на високообразовните институции кои продуцираат

наставен кадар за работа во средното образование, за застапеноста на предметни програми/наставни содржини од областа на мултикултурното образование.

Табела бр.8

**Прашање бр. 4: Наведете кој е организатор на обуките кои Вие сте ги посетувале од областа на мултикултурното образование:**

| | f | % | V% |
|---|---|---|---|
| МОН | 31 | 17.0 | 17.9 |
| БРО | 9 | 4.9 | 5.2 |
| Локална заедница | 2 | 1.1 | 1.2 |
| Високо-образовни установи | 2 | 1.1 | 1.2 |
| Мисијана ОБСЕ во Скопје | 103 | 56.6 | 59.5 |
| Училиштето во кое работите | 18 | 9.9 | 10.4 |
| Невладина организација | 8 | 4.4 | 4.6 |
| Неодредени | 9 | 4.9 | |

Од одговорите на четвртото прашање од третиот дел на прашалникот, кое се однесува на добивање податоци за организаторите на обуки од областа на мултикултурното образование, евидентен е податокот кој говори дека Мисијата на ОБСЕ во Скопје, според одговорите на наставниците (60%) доминира во организацијата на обуки од оваа област. Министерството за образование и наука, според исказите на наставниците го посочуваат како наредена релевантна институција којашто организира обуки од ваков карактер (18%). Десет проценти од наставниците се изјаснуваат дека училиштата во коиработат, организираат обуки од областа на мултикултурното образование, по што следува Бирото за развој на образованието, застапено со 5.2%.

Истражувачката визија на ова истражување, но и во однос на базичната поставеност на проектните модели е да се утврди подготвеноста на наставницитеза практична примена на стекнатите знаења и развиените вештини од областа на мултикултурното образование во секојдневните ситуации.

Релативно висок процент (59%) од наставниците се изјаснуваат дека „понекогаш“ги применуваат знаења и стекнатите вештини во секојдневието, по што следуваат ставовитена 40% од наставниците кои пројавуваат проактивно однесување во секојдневниот живот.

Табела бр. 9

**Прашање бр. 5: Колку често во Вашата работа ги применувате знаењата и вештините стекнати од обуките и активностите од проектите за „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“?**

| | f | % | V% |
|---|---|---|---|
| Никогаш | 3 | 1.6 | 1.7 |
| Понекогаш | 103 | 56.6 | 58.5 |
| Секогаш | 70 | 38.5 | 39.8 |
| Неодредени | 6 | 3.3 | |

Релевантноста на овие податоци оди во прилог на заклучокот на позитивното и функционално рефлектирање на „проектната мисија“ врз ставовите и однесувањата на наставниците во секојдневниот живот во мултиетнички средини. Следејќи ги овие и другите податоци од истражувањето со другите целни групи, кои „вкрстено“ анализирани го даваат истиот резултат се наметнува потребата од продолжување и проширување на реализација на двата проектни модела со поширок примерок од средношколската популација, но и за симултано отпочнување со реализација и во раноучилишната возраст, почнувајќи од основното образование.

Сумираните резултати од испитаните наставници од средните ушилишта од шесте општини наведуваат теми за обуки/работилници кои според нивно мислење ќе им бидат своевидна образовна поддршка во работата со учениците во мултиетничките средини за превенирање и надминување на насилното однесување. Од анализата се констатирааат следните најзачестени предлози за обуки: причини за насилство,за ментална хигиена,градење на здрави и нормални општествени односи, мир и толеранција,конфлики, граѓанска култура, размислувај рационално,биди одговорен за своите постапки, сличности во традициите, припадност и комуникација,работилници и натпревари од секаков вид,прифаќање на разликите, медијација за наставниците,меѓуетничка толеранција и почитување,разговори на верска основа,почитување, запознавање и толеранција во меѓуетничката средина,изработка на брошури за безбедни училишта,превенција од насилство во училиштата, проекти за безбедни училишта,НЕ за насилството, ДА за другарувањето, емпатија, поим и негување,обука за електронско насилство и др.

Иаку во анализата на последните прашања за образовните потреби на наставниците резултира со поголем процент дека имале можност да се стекнат со способности и вештини но сепак има исто така голем и значаjен процент на наставници кои немале можност да се стекнат со овие особини и затоа **петтата посебна хипотеза „Наставниците имаат образовни потреби за имплементација на проектните модели „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“„ се потврдува и се прифаќа.**

## 2.6. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од испитувањето на ставовите и на образовните потреби на стручните соработници во училиштата

За успешно реализирање на проектните модели неопходно е вклучување на стручните соработници (педагошко-психолошката служба) во училиштата. На ниво на училиште се назначува по еден претставник од оваа служба, кој истовремено ја има и улогата накоординатор на училишниот тим. Во проектот се вклучени 24 (дваесет и четири) стручни соработници. Овие лица, освен обуките и активностите предвидени со проектот „Безбедни училишта“, истотака се вклучени во реализација на проектниот модел „Медијација меѓу врсници“. Во истражувањето анкетирани се вкупно **41 член од стручната служба.**

Според анлизираните податоци се констатира дека по 22% од испитаните стручни соработници се од Скопје и од Прилеп, 20%од Тетово,по што следуваат Струга (17.1%), Гостивар (12.2%) и Кичево (7.3%). (табела бр. 1)

Табела бр.1

**Прашање бр. 1:Град во кој работите:**

| | f | % | V% |
|---|---|---|---|
| Гостивар | 5 | 12.2 | 12.2 |
| Кичево | 3 | 7.3 | 7.3 |
| Прилеп | 9 | 22.0 | 22.0 |
| Скопје | 9 | 22.0 | 22.0 |
| Струга | 7 | 17.1 | 17.1 |
| Тетово | 8 | 19.5 | 19.5 |
| N= | 41 | 100 | 100 |

Од анкетираните стручните соработници најголем процент работат во средното стручно образование (68%), а 32% се дел од гимназиското образование. Дистрибуцијата на фреквенцијата на суб-примероците според видот на средното образование е речиси рамномерна со примерокот на наставниците и учениците. (графикон бр. 1)




**Графикон бр.1 Фреквентноста на членовите на стручните служби во училиштата учесници во проектните модели „Безбедни училишта„ и „Медијација меѓу врсници„**

Имајќи во предвид дека стручните соработници во училиштата ги сочинуваат различни профили, од анализата на прашањето број4 од првиот дел од прашалникот се констатира следната состојба:најголем процент се педагози (46.34%), психолози (41.46%), социолозите се застапени со (9.76%) и социјални работници (2.44%). (графикон бр. 2)




**Графикон бр.2 Фреквентноста на членовите на стручните служби во училиштата учесници во проектните модели „Безбедни училишта„ и „Медијација меѓу врсници„ според работниот статус**

Од испитаниот примерок доминираат стручните соработници од женскиот пол (88%), а 12.2%се од машки пол.

| Табела бр. 2<br>**Прашање бр. 5: Пол:** | | | |
|---|---|---|---|
| | f | % | V% |
| Машки | 5 | 12.2 | 12.2 |
| Женски | 36 | 87.8 | 87.8 |

Имајќи го во предвид фактот дека проектните модели се реализираат во средини со мултиетнички состав, очекувано е испитаниците да кореспондираат со оваа карактеристика. Од вкупно испитаните 41 стручен соработник, 63.41% се од македонската националност, 34.15% од стручните соработници се од албанската националност, а 2.4% од испитаниците се изјасниле дека припаѓаат на категоријата – други (табела 3).

| Табела бр. 3<br>**Прашање бр. 6: Национална припадност:** | | | |
|---|---|---|---|
| | f | % | V% |
| Македонска | 26 | 63.4 | 63.4 |
| Албанска | 14 | 34.1 | 34.1 |
| Друго | 1 | 2.4 | 2.4 |

Преку првото прашање од вториот дел на анкетниот лист се испитуваат ставовите на стручните соработници, како членови на училишните безбедносни тимови за зачестеноста на насилиствата во нивните училишта. Податоците добиени од оваа целна група, исто така се релевантни за концепциската поставеност на проектните модели, посебно за промовирање на концептот за „безбедни училишта". Добиените податоци од 33.2% искази на стручните соработници покажуваат дека насилствата се евидентираат „неколку пати во текот на годината", а речиси идентични се ставовите на испитаните стручни соработници според кои насилствата „никогаш не се јавуваат" и според кои истите се појавуваат „неколку пати во месецот" (26.4% односно 23.1%) (табела бр.4).

| Табела бр. 4<br>**Прашање бр. 1: Колку често насилството се манифестира во Вашето училиште?** | | | |
|---|---|---|---|
| | f | % | C% |
| Никогаш | 55 | 26.4 | 141.0 |
| Неколку пати во годината | 69 | 33.2 | 176.9 |
| Неколку пати во месецот | 48 | 23.1 | 123.1 |
| Еднаш неделно | 14 | 6.7 | 35.9 |
| Секојдневно | 22 | 10.6 | 56.4 |

Доколку се пристапи кон компаративна анализа на податоците добиени од испитување на ставовите меѓу наставниците и стручните служби, по однос на фреквенцијата на насилствата меѓу средношколската популација, може да се констатира дека стручните служби истакнуваат поголема зачестеност (процентуално изразена) во однос на динамиката на насилствата. Оваа констатација можеби и е претпоставувана, од причина што стручните служби во училиштата се релевантни „стручни тела“ кадешто се евидентираат и понатаму стручно се превземаат активности за „третирање“ на насилствата.

Според рангирањето на видот на насилството, стручните служби на прво место го апострофираат вербалното насилство меѓу учениците од средното образование, физичкото насилство го рангираат на второто место, по што следува психолошкото насилство, и како насилство, според природата, од понов датум, често споменуваното електронско.




**Графикон бр.3 Видови на насилства според членовите на стручните служби во училиштата учесници во проектните модели „Безбедни училишта„ и „Медијација меѓу врсници„**

Прегледот на податоци укажува дека 31% од стручните соработници, училницатаја маркираат на прво место, (податок кој целосно кореспондира со добиените податоци од анализата на ставовите на учениците и наставниците), за второ место на случување на насилствата се наведува „училишниот двор" (29.1%), по што следуваат „близина на училиштето" (17.2%), како наредна локација се наведува „училишниот хол" (13.4%) и како најретко место кадешто се случуваат насилствата меѓу врсниците го наведуваат јавниот превоз (10%) (идентичен податок со ставовите на наставниците). (графикон бр.4)



Графикон 4.

**Графикон бр.4 Каде се сучуваат почесто насилствата според членовите на стручните служби во училиштата учесници во проектните модели „Безбедни училишта„ и „Медијација меѓу врсници„**

Истражувачки коректно е да се истакне дека очекувањата на истражувачите по однос на прашањето: Каде се случуваат насилствата (различни видови) „одат во неочекувана насока", односно дека училницата е најпосочуваното место кадешто се случуваат насилствата што целосно кореспондира со добиените податоци од анализата на ставовите на учениците и на наставниците.

Со проектните модели „Безбедни училишта" и „Медијација меѓу врсници", стручните служби имаат значајна улога, и секако тие претставуваат стручна „карика" во „синџирот" на дијагностицирање, третирање и посредување во надминувањето на насилното однесување.

**Од таа причина, посебно значајно истражувачко прашање е детектирањето на механизмите на постапување во процесот на превенција на насилно однесување и охрабреност за пријавување на истите.** Овој концепт се очекува да вроди со позитивни ефекти во насока на зајакнување на безбедноста во училиштата. Евидентно е дека дисперзираноста на бројот на наставниците укажува дека најголем дел од испитаниците (87.5 %) ги потврдуваат ставовите за висок степен на поседување на компетенции за рано дијагностицирање, предупредување и охрабреност за пријавување, изразена преку „интервенирање со конкретни акции". Наспроти нив застапенисе, со релативно низок процент, стручните соработници кои се изјасниле дека „не ги поседуваат" наведените компетенции (2.5%). (табела бр. 5)

Табела бр. 5

**Прашање бр. 3: Начини на постапување во процесот на превенција на насилното однесување и зајакнување на безбедноста во училиштето**

| | f | % | C% |
|---|---|---|---|
| Не | 8 | 2.5 | 20.0 |
| Незнам | 32 | 10.0 | 80.0 |
| Да | 280 | 87.5 | 700.0 |

**Овие податоци одат во прилог на потврдување на хипотетската рамка, според која концепциската поставеност на проектните модели, кои предвидуваат и „корпус" на обуки и работилници кои, како „меѓуцел" ја поставуваат стручната компетентност на стручните соработници, како еден многу значаен „елемент" во „мозаикот" на подигнување на квалитетен живот во безбедни училишни средини, со епитет-мултиетнички. Во прилог на овој заклучок оди и стручната компетентност на педагозите, психолозите и другите стручни соработници.**

Анализата на резултатите од прашањето преку кое се испитуваат ставовите и на стручните соработници*за влијанието на вонннаставните активности со ученици од различни етнички заедници*, предвидени со проектните модели *за превенција на насилното однесување*, покажуваат дека најголем дел од ставовите (49%) на стручните соработнициупатуваат на тоа дека истите „имаат доволно влијание" во процесот на превенција од насилно однесување. Триесет и четири проценти се изјаснуваат дека

воннаставните активности„имаат големо влијание". Статистички незначителни се податоците за ставовите според кои овој вид на активности „немаат влијание".




**Графикон бр.5 Влијанието на воннаставните активности според стручните служби во училиштата учесници во проектните модели**

Во прилог на оваа констатација се надоврзуваат и ставовите на стручните соработници за тоа колку „се задоволни", воопшто, од концепциската поставеност на проектите. При тоа не треба да се занемари високиот проецент кој говори дека 57% од стручните соработници се изјаснуваат за највисоко рангираното тврдење „многу сум задоволен" и „сум задоволен" (43.2%) (табела бр. 6).

Табела бр. 6

**Прашање бр. 6: Колку сте задоволни од концепциската поставеност на проектните модели за „Безбедни училишта" ?**

| | f | % | V% |
|---|---|---|---|
| Сум задоволен | 16 | 39.0 | 43.2 |
| Многу сум задоволен | 21 | 51.2 | 56.8 |
| Неодредени | 4 | 9.8 | |

Овие ставови се потврдуваат и преку **квалитативната анализа на податоците, според која стручните соработници ги аргументираат проектните бенефити, според кои тие влијаат врз формирањето на ставовите кај учениците, врз намалување на физичкото и вербалното насилство, приштo се зголемува нивниот степен на толеранција.**

**Овој дел од истражувањето, нé упатува на заклучок, според кој наставниците и стручните соработници го поддржуваат концептот за организирање и реализирање на воннаставни активности заедно со учениците од средношколската популација, за подигнување на свеста за ненасилно однесување и обезбедување средина за безбедно учење и живот во мултиетничките средини. Овие податоци ги потврдуваат позитивните ставови на наставниците за воннаставните активности, кои резултираат од двата истражувани проектни модели.**

Преку наредното прашањето се испитуваат ставовите за влијанието од реализацијата на проектните модели врз подобрувањето на меѓуетничките односи во заедницата.

Табела бр. 7

**Прашање бр. 7: Колку се согласувате со констатацијата дека реализацијата на проектните модели за „Безбедни училишта“ имаат значајна улога во подобрување на меѓуетничките односи во заедницата?**

| | f | % | V% |
|---|---|---|---|
| Воопшто не се согласувам | 2 | 4.9 | 5.1 |
| Не се согласувам | 1 | 2.4 | 2.6 |
| Не сум запознаен со проектните модели | 4 | 9.8 | 10.3 |
| Се согласувам | 22 | 53.7 | 56.4 |
| Целосно се согласувам | 10 | 24.4 | 25.6 |
| Неодредени | 2 | 4.9 | |

Од прегледот на податоците прикажани во табелата бр. 7 се констатира висок процент на согласување на стручните соработници во однос на значајната улога којашто ја имаат проектните модели врз подобрувањето на меѓуетничките односи во заедницата. Оваа констатација ја потврдува „позитивната мисија“ на проектите изразени преку ставовите, кои овозможуваат: разбирање и соработка меѓу учениците, наставниците и родителите, влијание за зајакнување на соработката и подобрување на меѓуетничките односи, развивање на компетенции за разрешување на конфликтите. **Може да се заклучи дека анализираните ставови имаат „заеднички именител“ кој се базира на два основни постулати: намалување на насилството и градење мултиетнички живот во безбедни средини.**

Може да се генерализираат предлозите сугерирани од стручните соработници, а се однесуваат за подобрување на реализација на проектните модели, со цел да имаат поголемо влијание во подобрувањето на меѓуетничките односи во заедницата.

**Меѓу наведените предлози најчести се: вклучување поголем број на ученици и наставници од проектните училишта, поголема вклученост на родителите и организирање почести советодавни разговори, ангажирање на експерти од соодветните области,едукација за нови техники и методи, потреба од организирање на тематски средби, вклучување на ученици и од други училишта, потреба од организирање предавања и обуки од соодветната област, организирање повеќе трибини за превенција на насилство, организирање дебати, натпревари, изложби со различна тематика, итн.**

Според добиените податоци за организаторите на обуки од областа на мултикултурното образование, доминира податокот кој говори дека Мисијата на ОБСЕ во Скопје (97.5%) се јавува како организатор на обуки од оваа област.

Според исказите на стручните соработници, се посочуваат другите невладини организации како наредна релевантна институција којашто организира обуки од ваков карактер (2.5%).

Табела бр.8

**Прашање бр. 4: Наведете кој е организатор на обуките кои Вие сте ги посетувале од областа на мултикултурното образование:**

| | f | % | V% |
|---|---|---|---|
| Мисијана ОБСЕ воСкопје | 39 | 95.1 | 97.5 |
| Невладини организации | 1 | 2.4 | 2.5 |
| Неодредени | 1 | 2.4 | |

Истражувачката визија на ова истражување, но и во однос на базичната поставеност на проектните модели е да се утврди подготвеноста на стручните соработници за практична примена на стекнатите знаења и развиените вештини од областа на мултикултурното образование во секојдневните ситуации.

Релативно висок просек (80.5%) од стручните соработници се изјаснуваат дека „секогаш“ги применуваат знаењата и стекнатите вештини во секојдневието, по што следуваат ставовите на 12.2% (значително помал број од стручните соработници) кои се изјаснуваат дека „понекогаш“ проактивно се однесуваат во практични ситуации од оваа проблематика.

Табела бр. 9

**Прашање бр. 5: Колку често во Вашата работа ги применувате знаењата и вештините стекнати од обуките и активностите од проектите за „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“?**

| | f | % | V% |
|---|---|---|---|
| Понекогаш | 5 | 12.2 | 13.2 |
| Секогаш | 33 | 80.5 | 86.8 |
| Неодредени | 3 | 7.3 | |

**Релевантноста на овие податоци оди во прилог на заклучокот на позитивното и функционално рефлектирње на „проектните модели“ врз ставовите и постапувањето на стручните служби во секојдневниот живот и работа во мултиетнички средини. Следејќи ги овие и другите податоци од истражувањето со другите целни групи (наставници, ученици), кои „вкрстено“ анализирани го даваат истиот резултат се наметнува потребата од продолжување и проширување со реализација на двата проектни модели со поширок примерок од средношколската популација, но и за симултано отпочнување со нивна реализација и во основните училишта.**

Сумираните резултати од анкетираните стручни соработници од проектните средни училишта наведуваат теми за обуки/работилници кои според нивно мислење ќе им бидат своевидна образовна поддршка во работата со учениците во мултиетничките средини за превенирање и надминување на насилното однесување. Од анализата се констатирааат следните најзачестените предлози за обуки: причини за насилство,решавање конфликти,работилници и натпревари од секаков вид,прифаќање на разликите,медијација; меѓуетничка толеранција и почитување,разговори на верска основа,почитување, запознавање и толеранција во меѓуетничката средина,изработка на брошури за безбедни училишта,превенција од насилство во училиштата; проекти за безбедни училишта;обука за електронско насилство и др.

Од сумираните анализи и резултати во врска со ставовите и образовните потреби на стручните соработници може да констатираме дека **третата и четвртата посебна хипотеза „ Стручните соработници имаат позитивни ставови за концепциската поставеност и имплементација на проектните модели „Безбедни училишта“„ и „Стручните соработници имаат образовни потреби за имплементација на проектните модели„ се потврдуваат и се одржливи.**

## 2.7. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од испитувањето на ставовите родителите

Во проектните активности во секое средно училиште вклучени се најмалку по 4 (четири) родители, и истите се составен дел од училишниот тим за безбедни училишта. (N=92).

Табела бр. 1

**Прашање бр. 1: Место на живеење:**

| | f | % | V% |
|---|---|---|---|
| Градска | 43 | 74.1 | 74.1 |
| Рурална | 15 | 25.9 | 25.9 |
| Вкупно | 58 | 100 | 100 |

Анкетирањето во евалуациското истражување е спроведено со родители на ученици од 24 средни училишта од 6 општини во кои се реализираат проектните модели. Тие претставуваат посебен суб-примерок, кои партиципираат индиректно во процесот, и во мал дел од активностите предвидени со проектот „Безбедни училишта“. Во периодот од 2012 до2014 година опфатени се 92 родители, а анкетираниот примерок во истражувањето изнесува **58 родители.**

Според анализата може да се констатира дека две третини од испитаниците се од градски средини, а 26% живеат во рурални средини.

Податоците кои упатуваат на тоа, во каков вид на средно училиште учат нивните деца, логично се совпаѓа и со структурната анализа на нивните наставници, стручни соработници, односно речиси поголемиот дел од учениците (81%) се дел од средното

стручно образование, а 19.3% се од гимназиско образование. Се поставува прашањето за непропорционалното учество на видовите средни училишта во проектните модели, односно над 70% од проектните училиштата се дел од средното стручно образование.

**Препорака: Во идните фази од имплементација на проектните модели да се има во предвид пропорционалната застапеност на видовите на средно образование.**

Табела бр. 2

**Прашање бр. 3: Вид на средно училиште во коешто учи Вашето дете:**

| | f | % | V% |
|---|---|---|---|
| Гимназиско образование | 11 | 19.0 | 19.3 |
| Средно стручно образование | 46 | 79.3 | 80.7 |
| Неодредени | 1 | 1.7 | |
| Вкупно | 58 | 100 | 100 |

Имајќи го во предвид фактот дека проектните модели се реализираат во училишта и во средини со мултиетнички состав, очекувано е податоците за националната припадност на родителите да корелираат со податоците на другите суб-примероци. Од вкупно испитаните 58 родители, 57% се од македонската националност, 33% од родителите се од албансканационалност, 9% се дел од турската националност и 2% од испитаниците се изјасниле дека припаѓаат на категоријата – други. (табела бр. 3)

Табела бр. 3

**Прашање бр. 4: Национална припадност:**

| | f | % | V% |
|---|---|---|---|
| Македонска | 33 | 56.9 | 56.9 |
| Албанска | 19 | 32.8 | 32.8 |
| Турска | 5 | 8.6 | 8.6 |
| Друго | 1 | 1.7 | 1.7 |
| Вкупно | 58 | 100 | 100 |

Во контекст на концепциската поставеност на проектните модели во насока, пред се на подигнување на свеста за безбедноста во училишните средини, и пошироко и подигнување и на свеста кај сите вклучени страни, директно или индиректно во воспитно-

образованиот процес, од посебна важност се и ставовите на родителите за нивната перцепција за безбедносната состојба на училиштето во коешто учат нивните деца.

Анализираните податоци упатуваат на констатацијата дека родителите имаат релативно позитивни ставови по однос на училишната безбедност, такашто 62% се изјасниле дека таа е „добра“, 24% сметаат дека безбедноста е „многу добра“, и незначаен процент од 3.4% велат дека безбедносната состојба во училиштата е „лоша“.




**Графикон бр.1 Оценка за безбедноста во училиштата според родителите за училиштата учесници во проектните модели „Безбедни училишта„ и „Медијација меѓу врсници„**

**Компаративната анализа на овие податоци со податоците добиени од страна на анализираните ставови на учениците, во случајов нивните деца, укажува на фактот дека постои висок степен на корелација по однос на перцепција за нивната лична безбедност во училиштето** (повеќе од половина од учениците (60%V) (табела бр. 8 од делот за анализа на ставовите на учениците).

Преку испитување на ставовите на родителите за фреквентноста на забележаните насилства во училиштата кадешто учат нивните деца, се добиваат податоци кои одат во прилог на концепциската поставеност на проектните модели, посебно за промовирање на концептот за „безбедни училишта“. **Добиените податоци покажуваат дека најголем дел од родителите сметаат дека „никогаш“ не забележале насилство во училиштето, а**

**голем дел, исто така констатирале дека „неколку пати во текот на годината“ имало насилни однесувања меѓу учениците.**

Овие резултати се во тесна корелација и со добиените одговори од четвртото прашање преку кое се испитуваат ставовите на родителите за тоа дали нивните деца се изложени на опасност во училиштето и во училишната средина. (графикон бр. 2)




**Графикон бр.2 Фреквентноста на насилствата според ставовите на родителите од училиштата учесници во проектните модели „Безбедни училишта„ и „Медијација меѓу врсници„**

Испитаните родители кои имаат информации за повремените насилства кои се случуваат во училиштата кадешто учат нивните деца, вербалното насилство го рангираат на првото место, по што следува физичкото насилство, потоа го наведуваат малтретирањето, и електронското насилство.




**Графикон бр.3 Видови насилства според родители**

Податоците прикажани во графиконот 4 претставуваат споредбена анализа на добиените сознанија на сите категории испитаници, во однос на видовите на насилства кои се манифестираат помеѓу средношколската популација.




**Графикон 4.**

**Видови насилства според сите испитаници во истражувањето за проектните модели „Безбедни училишта„ и „Медијација меѓу врсници„**

Преку квалитативната анализа на податоците од поставеното прашање со реден број 6 од вториот дел од анкетниот лист се добиваат одговори во форма на образложенија за причините за вклучување на родителите во училишните тимови за проектните модели. Сумирано анализирани, најчестите причини наведени со исказите на родителите од сите општини се однесуваат на потребата од интензивирање на соработката со наставниот кадар, понатаму заради вклученост во процес кој обезбедува поголема безбедност на нивните деца во училишните средини. Дел од родителите покажуваат отвореност за вклучување во повеќе активности, пред се да стекнат повеќе знаења за тоа како да се постапува во процесот на разрешување на конфликтите итн.

**Според ставовите на испитаните родители, може да се констатира дека вклучените родители пројавуваат отвореност за соработка во проектните активности. Имајќи го во предвид градењето на континуиран и конзистентен систем на воспитно дејствување, со цел подобрување на квалитетот на живот на младите и намалување на насилствата меѓу врсниците, се сугерира отпочнување на проектните**

**модели „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“ од основното образование.**

Наведените заклучоци се потврдуваат и со високиот процент на испитаните родители според кои реализацијата на проектните модели „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“ има значајна улога во подобрувањето на меѓуетничките односи во заедницата (75.5%). (графикон 5)




**Графикон бр.5 Колку се согласуваат родителите дека проектните модели „Безбедни училишта„ и „Медијација меѓу врсници„ имаат влијание во подобрување на меѓуетничките односи**

Две третини од родителите изразуваат висок процент на задоволствоод концепциската поставеност на проектните модели за „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“, наспроти 9% кои воопшто не се задоволни (табела бр.4).

Табела бр.4

**Прашање бр. 7: Колку сте задоволни од концепциската поставеност на проектните модели за „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“?**

| | f | % | V% |
|---|---|---|---|
| Многу сум задоволен | 40 | 69.0 | 75.5 |
| Сум задоволен | 13 | 22.4 | 24.5 |
| Воопшто не сум задоволен | 5 | 8.6 | |

Сумираните резултати од анкетираните родители на учениците од проектните средни училишта наведуваат теми за обуки/и активности за превенирање и надминување на насилнотото однесување.

Од анализата се констатирааат следните најзачестени предлози за обуки и активности: комуникациски вештини,запознавање со културата и традицијата,изучување на јазикот на другите етнички заедници,превенција од употреба на наркотици,причини за насилство,натпревари од секаков вид,прифаќање на разликите,меѓуетничка толеранција и почитување,разговори на верска основа,почитување, запознавање и толеранција во меѓуетничката средина,обука за електронско насилство и др.

**Шештата посебна хипотеза „Родителите имаат позитивни ставови за имплементација на проектните модели „Безбедни училишта“„ според горенаведните анализи и резултати се потврдува.**

# IV дел

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

## 4.1. Заклучоци

Начинот на кој децата зборуваат за насилството како дел од нивното секојдневие покажува дека тие се свесни за насилното однесување околу себе и за својата улога и вклученост и дека ги разбираат последиците од ова однесување, иако делува дека во секојдневниот живот во училиштата најчестите видови на насилното однесување се третираат како вообичаено и прифатливо однесување, дел од детската игра и нешто низ коешто сите ние сме поминале.

Податоците за тоа колку често се случуваат одредени видови насилно однесување зборуваат за застапеноста на сите видови на насилно однесување во училиштата. Ова може да создаде слика за училиштето како место кое не е доволно безбедно, во кое насилното однесување е секојдневие и тивко одобрен начин за справување со проблемите.

Податоците за тоа каде и кога најчесто се случуваат насилните однесувања се користат како аргумент за дополнителен надзор и дисциплински мерки кои се преземаат со цел „сузбивање“ на насилното однесување, притоа стегајќи ги уште повеќе „обрачите“ на детската слобода и игра. Така наместо организирано време и услови за играње, дружење и забава во училиштата се вградуваат камери за набљудување или се ангажираат чувари кои го следат и контролираат секое движење на децата. Досегашните искуства со ваквиот начин на дисциплинирање покажуваат дека контролата и надзорот вродуваат секогаш нови форми на отпор, децата секогаш ќе најдат време и место каде што ќе може да се спротистават на правилата кои ги ограничуваат и притискаат. На ова се надоврзува и податокот дека најголемиот број на идеи кои се предлагаат за справување со насилството се однесуваат на казнувањето и контролата. Дисциплинирањето и казнувањето се најтрадиционалните начини на справување со непосакуваното однесување на децата. Тоа што е проблематично во врска со овој тип на механизми за справување е што и самите се на некој начин насилство и се надоврзуваат на кругот - насилството секогаш раѓа насилство. Од друга страна овие податоци укажуваат дека децата имаат потреба од заштита од насилното однесување.

Причините кои децата ги наведуваат за појава на насилното однесување покажуваат дека непознавањето, предрасудите и стереотипите за Другиот, кој може да биде Друг заради родот, етносот, хендикепот, културата, изгледот, религијата, потеклото итн. можат

да генерираат и стимулираат насилство од најразличен вид. Ваквите податоци укажуваат на потребата од покренување на прашањата за односот кон другиот, за релациите и начините на комуникација, за начините на разрешување на конфликтите, стереотипите и предрасудите како важни аспекти кога зборуваме за насилното однесување. Во таа насока потребно е воспоставување на програми кои ќе се темелат на почитување на различностите, емпатија и критичко размислување наместо на дисциплинирање и контрола.

### 4.1.1 Заклучни сознанија - ученици

- Податоците упатуваат на бројни прашања и дилеми кои заслужуваат сериозна понатамошна анализа и преиспитување на ставовите и мислењата на релевантните субјекти кои го прават изборот на учениците. Се поставува прашањето: Дали одличните ученици се избираат заради модел на ненасилно однесување или можеби овие ученици имаат поразвиени лидерски способности меѓу учениците, наспроти учениците со понизок постигнат успех, или дали можеби при изборот на учениците се тргнува со „доза на предрасуда“ кон учениците со понизок успех во учењето дека „оној кој манифестира насилно однесување не може да одговори на барањата за зајкнување на концептот на безбедни училишта преку манифестирање на ненасилно однесување“?
- Истражувачки коректно е да се истакне дека очекувањата по однос на прашањето: Каде се случуваат насилствата (различни видови)? „одат во неочекувана насока“, односно дека училницата е најпосочуваното место каде што се случуваат насилствата, спротивно од очекувањата на истражувачкиот тим дека истата би требало да биде „најсигурна“ организирана единица.
- Не треба да се занемари фактот кој говори дека постои несигурност кај средношколската популација по однос на ова прашање. Според анализираните податоци се наметнува заклучокот дека во иднина треба да се работи на оваа компонента од проектот, односно да се работи на зајакнување на способностите кај учениците за запознавање и препознавање на различните видови на насилство, како и нивно охрабрување во превземањето на наредни адекватни чекори. Оваа

констатација и препорака корелира со ставовите на релевантните претставници од Одделите за превенција при МВР кои сугерираат дека концептите за „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсниците“ со реализација треба да отпочнат уште во раноучилишната возраст односно уште во основните училишта, со цел обезбедување на континуитет во овој процес и превенирање „со соодветната возраст“.Овие податоци кореспондираат со ставовите на учениците по однос на зачестеноста на насилствата, кои аналогно се поврзуваат со чувството за лична безбедност во училиштето. Од друга страна пак, причината за несигурноста и отсуството на личната безбедност во училиштето може да се побара во констатацијатана изјаснетитеученици според кои насилствата се случуваат во училницата.

- Токму ваквите пристапи и овој вид на способности се изразени кај учениците коишто биле вклучени во проектот „Медијација меѓу врсници“, и истите се дел од тимовите. Овие податоци одат во прилог на констатирање на бенефитите од проектните активности и развиените компетенции за „позитивен трансфер“ во практични ситуации, како и за едуцирање за примена на ненасилна комуникација.
- Истражувањето повторно актуелизира прашања поврзани со првобитната концепциска поставеност на проектните модели. Имено во вонаставните активности, од типот: спортски натпревари и фер-плеј турнири, обуки на теми од ненасилната комуникација, организирани училишни денови посветени на ненасилството, изработка на постери, училишни клубови за медијатори и др., преку кои на креативен и непосреден начин треба да се промовираат моделите на ненасилно однесување, а активни креатори и партиципиенти се токму учениците.
- На оваа констатирана проектна цикличност се надоврзува потребата во иднина од страна на организторите и реализаторите на проектните модели (стручните служби и наставниците) да се работи на подигнување на свесноста на учениците за примена на принципите од вонаставните активности во секојдневниот живот.
- Неопходно е да се потенцира фактот дека во проектниот модел „Медијација меѓу врсниците“ не се вклучени сите испитаници од истражувањето, кои пак, од друга страна целосно се вклучени во проектниот модел „Безбедни училишта“. Ова е аргумент којшто го „оправдува“ ставот на онаа категорија на ученици кои се

изјасниле дека не се запознаени со проектните модели, а „симптоматичен" е и податокот од учениците кои воопшто не одговориле на ова прашање.

- Ваквите резултати индиректно зборуваат и за карактерот на проектниот модел „Медијација меѓу врсници" спред чиј концепт се планираат и реализираат бројни обуки и работилници наменети за учениците. Истите се оквалификувани како многу интересни, со висок степен на интерактивност при реализирањето на содржини од областа на медијацијата, теми за кои оваа популација пројавува висок сензибилитет, при што остваруваат и нови познанства со ученици и од други училишта и од различни етникуми. Посебно значаен е фактот дека обуките за медијација се организираат надвор од училиштето, а по активната партиципација, учениците се здобиваат со сертификат за учество на обука. Овие податоци упатуваат на препораки во наредните фази од реализација на проектните модели, целокупната проектна ученичка популација да биде вклучена и во проектнио модел „Медијација меѓу врсници".
- Добиените сознанија, меѓу другото упатуваат и кон детектирање на потребата од натамошна анализа на наставните планови и програми на наставните предмети Етика, Граѓанско образование, Класниот час на кој се реализира Образование за животни вештини, Социологија, Македонски/Албански јазик, во насока на интегрирање со нови содржини од областа на мултикултурното образование.
- Релевантноста на овие податоци оди во прилог на заклучокот на позитивното и функционално рефлектирње на „проектната мисија" врз ставовите и однесувањата на учениците во секојдневниот живот во мултиетнички средини. Следејќи ги овие и другите податоци од истражувањето со другите целни групи, кои „вкрстено" анализирани го даваат истиот резултат, се наметнува потребата од продолжување и проширување со реализација на двата проектни модела со поширок примерок од средношколската популација, но и за симултано отпочнување со реализација и во раноучилишната возраст.
- Наведувањето на бројните теми за обуки и работилници за превенирање и надминување на насилното однесување од страна на учениците, не претставува само „еден лист на аналогија" на знаења од областа, туку напротив ова укажува на развиената свест и свесност на учениците за потреба од зајакнување на нивните

знаења, развиеност на морални вредности потребени за современото граѓанско општество, како практични модели за превенирање и надминување на насилното однесување меѓу врсниците, независно од нивниот етнички „предзнак".

- Најчестите предлози од страна на учениците кои сугерираат за подобрување на проектните модели „Безбедни училишта" и „Медијација меѓу врсници" се однесуваат на потребата да бидат вклучени повеќе ученици од нивните училишта, ја нагласуваат потребата од организирање на поголем број на работилници од областа на мултикултурата, понатаму, според нивните мислења треба да се работи на поголема популаризација на проектот и да постои поголема информираност на ниво на локална заедница, да бидат презентирани повеќе теми на ниво на училиште, а семинарите и работилниците да имаат интерактивен карактер.
- Постои релативно голем варирет на искази меѓу учениците на ниво на градови, во однос на „механизмите за препознавање на насилно однесување и охрабреност за нивно пријавување". Имено, според добиените резултати градовите во кои се реализираат проектите се категоризираат во две групи, и тоа: во првата група се вбројуваат општините Гостивар, Кичево и Прилеп, каде учениците имаат висока просечна вредност за препознавање на насилно однесување и охрабреност во нивното дејствување, а додека пак според ставовите на учениците, градовите Тетово, Струга и Скопје се категоризираат со релативно пониска просечна вредност.
- Евидентна е дисперзираноста на ставовите по градови, односно оваа појава значително има доминанта улога во Прилеп, по што следува Скопје, и со помала изразеност според ставовите на учениците за влијанието на овој вид на воннаставни активности, следуваат општините Струга, Тетово, Гостивар и Кичево.
- Заклучните сознанија уште еднаш ја потврдуваат хипотезата за постоење разлики во ставовите на учениците од различни општини за имплементирањето на проектните модели „Безбедни училишта" и „Медијација меѓу врсници".

### 4.1.2 Заклучни сознанија – наставници

- Може да се констатира дека соодносот меѓу категориите за зачестеност на насилствата меѓу учениците е во голема корелација со ставовите на средношколската популација, со што се потврдува конзистентноста на ставовите на двете испитувани групи.
- Истражувачки коректно е да се истакне дека очекувањата по однос на прашањето: Каде се случуваат насилствата (различни видови)? „одат во неочекувана насока", односно дека училницата е најпосочуваното место кадешто се случуваат насилствата, спротивно од очекувањата дека истата би требало да биде „најсигурна" организирана единица (заклучок кој целосно кореспондира со добиените податоци од анализата на ставовите на учениците).
- Од таа причина, посебно значајно истражувачко прашење е детектирањето на механизмите на постапување во процесот на превенција на насилно однесување и охрабреност за пријавување на истите.
- Овие податоци одат во прилог на потвдрување на хипотетската рамка, според која концепциската поставеност на проектните модели, кои превидуваат и „корпус" на обуки и работилници кои, како „меѓуцел" ја поставуваат стручната компетентност на наставниците, како еден многу значаен „елемент" во „мозаикот" на подигнување на квалитетен живот во безбедни училишни средини, со епитет-мултиетнички.
- Квалитативната анализа на податоците, според која наставниците ги аргументираат проектните бенефити, според кои проектните модели влијаат врз фомирањето на ставовите кај учениците, врз наамалување на физичкото и вербалното насилство, пришто се зголемува нивниот степен на толеранција. Воннаставните активности придонесуваат за водење на квалитетна наставна и воннаставна „ситуација", со поддржување на континуирана комуникација меѓу учениците од различни етникуми, а на тој начин се развива моделот на „безбедни субјекти" во околината во која работат. Преку промовирање на заеднички и пријателски однос и соработка, кај младите се надминуваат стереотипите и предрасудите кон „другиот-поразличен од мене по јазик, култура и вероисповест". Наставниците се изјаснуваат дека овој

модел се проектира и меѓу наставниот кадар од различни етнички заедници (lifelong learning).

- Овој дел од истражувањето, нé упатува на заклучок, според кој наставниците и стручните соработници го поддржуваат концептот за организирање и реализирање на воннаствни активности заедно со учениците од средношколската популација, за подигнување на свеста за ненасилно однесување и обезбедување безбедни средини за учење и живот во мултиетничките средини. Овие податоци ги потврдуваат позитивните ставови на наставниците за воннаставните активности, кои резултираат од двата истражувани проектни модели.
- Може да се заклучи дека анализираните ставови имаат „заеднички именител“ кој се базира на два основни постулати: намалување на насилството и градење мултиетнички живот во безбедни средини.
- Доколку на овие податоци се надоврзат претходните констатации на наставниците преку кои се согледува големата поддршка што ја даваат на реализацијата на проектните модели, и истовремено имајќи го фактот што тие изразуваат висок процент на задоволство од нивната интегрираност во проектните процеси, може да се констатира дека обуките и семинарите кои наставниците ги посетуваат, како составен дел на нивниот професионален и кариерен развој, се наведува заклучокот дека проектните модели претставуваат своевидни „компензирачки активности“ на иницијалното образование на наставниците.
- Како препорака од истражувањето се наметнува потребата од анализа на студиските програми на високообразовните институции кои продуцираат наставен кадар за работа во средното образование, за застапеноста на предметни *програми/наставни содржини од областа на мултикултурното образование.*
- Релевантноста на добиените податоци оди во прилог на заклучокот на позитивното и функционално рефлектирање на „проектната мисија“ врз ставовите и однесувањата на наставниците во секојдневниот живот во мултиетнички средини. Следејќи ги овие и другите податоци од истражувањето со другите целни групи, кои „вкрстено“ анализирани го даваат истиот резултат се наметнува потребата од продолжување и проширување со реализација на двата проектни модела со

поширок примерок од средношколската популација, но и за симултано отпочнување со реализација и во раноучилишната возраст.

### 4.1.3 Заклучни сознанија - стручни служби

- Доколку се пристапи кон компаративна анализа на податоците добиени од испитување на ставовите меѓу наставниците и стручните служби, по поднос на фреквенцијата на насилствата меѓу средношколската популација, може да се констатира дека стручните служби истакнуваат поголема зачестеност во однос на динамиката на насилствата.
- Според рангирањето на видот на насилството, стручните служби на прво место го апострофираат вербалното насилство меѓу учениците од средното образование, физичкото насилство го рангираат на второто место, по што следува психолошкото насилство, и како насилство, според природата, од понов датум, често споменувато електронско насилство-го наведуваат и стручните соработници.
- Квалитативната анализа на податоците, според која стручните соработници ги аргументираат проектните бенефити, според кои проектните модели влијаат врз фомирањето на ставовите кај учениците, врз намалување на физичкото и вербалното насилство, пришто се зголемува нивниот степен на толеранција.
- Може да се заклучи дека наставниците и стручните соработници го поддржуваат концептот за организирање и реализирање на воннаствни активности заедно со учениците од средношколската популација, за подигнување на свеста за ненасилно однесување и обезбедување безбедни средини за учење и живот во мултиетничките средини.
- Меѓу наведените предлози од страна на стручните служби најчести се: вклучување поголем број на ученици и наставници од проектните училишта; поголема вклученост на родителите и организирање почести советодавни разговори; ангажирање на експерти од соодветните области; едукација на нови техники и методи; потреба од повеќе средби на овие теми; вклучување на ученици и од други училишта; потреба од органзирање предавања и обуки од соодветната обалст;

организирање повеќе трибини за превенција од насилство; организирање дебати, натпревари, изложби со различна тематика, итн.

- Ставовите на стручните служби оди во прилог на заклучокот на позитивното и функционално рефлектирње на „проектните модели“ врз ставовите и постапувањето на стручните служби во секојдневниот живот и работа во мултиетнички средини. Следејќи ги овие и другите податоци од истражувањето со другите целни групи (наставници, ученици), кои „вкрстено“ анализирани го даваат истиот резултат се наметнува потребата од продолжување и проширување со реализација на двата проектни модела со поширок примерок од средношколската популација, но и за симултано отпочнување со реализација и во раноучилишната возраст.

### 4.1.4 Заклучни сознанија - родители

- Се поставува прашањето за непропорционалното учество на видовите средни училишта во проектните модели, односно две третини од проектните училиштата се дел од средното стручно образование. Препорака: Во идните фази од имплементација на проектните модели да се има во предвид пропорционалната застапеност на видовите средни училишта.
- Анализираните податоци упатуваат на констатацијата дека родителите имаат релативно позитивни ставови по однос на училишната безбедност.
- Компаративната анализа на овие податоци со податоците добиени од страна на анализираните ставови на учениците, во случајов нивните деца, укажува на фактот дека постои висок степен на корелација по однос на перцепција за нивната лична безбедност во училиштето.
- Добиените податоци покажуваат дека најголем дел од родителите сметаат дека „никогаш“ не забележале насилство во училиштето, а голем дел, исто така констатирале дека „неколку пати во текот на годината“ имало насилни однесувања меѓу учениците.
- Според ставовите на испитаните родители, може да се констатира дека вклучените родители пројавуваат отвореност за соработка во проектните активности. Имајќи

го во предвид градењето на континуиран и конзистентен систем на воспитно дејствување, со цел подобрување на квалитетот на живот на младите и намалување на насилствата меѓу врсниците, се сугерира со отпочнување на проектните модели „Безбедни училишта" и „Медијација меѓу врсници" да се започне од раната училишна возраст на учениците.

- Преку изразените ставови на родителите може да се констатира дека реализацијата на проектните модели „Безбедни училишта" и „Медијација меѓу врсници" има значајна улога во подобрувањето на меѓуетничките односи во заедницата.
- Сумираните резултати од анкетираните родители на учениците од проектните средни училишта наведуваат теми за обуки/и активности за превенирање и надминување на насилнотото оденсување, кои според нивно мислење ќе им бидат своевидна поддршка на нивните деца, кои живета и учат во мултиетничките средини.

Од сумираните горенаведени заклучоци може да се констатира и да се потврди и одржливоста и добрата поставеност на проекните модели „Безбедни Училишта„ и „Медијација меѓу Врснци„ во средните училишта и со тоа и се потврдува и **општата хипотеза на оваа истражување „Концепциската поставеност на проектите „Безбедни училишта", како модели за промовирање на превенција и интервенција на училишното насилство, позитивно влијае врз зајакнување и обезбедување безбедна училишна средина, врз намалувањето на насилствата, релаксирани и добри меѓуетничките односи во средните училишта„.**

## 4.2 Препораки за запирање на насилството во училиштата

Значи, од потребите на горенаведените констатации и заклучоци и моето десет годишно искуство како дел од педагошка служба во средно училиште, ќе се обидам во неколку точки да креирам план за акција со соодветни практични примери, дизајнирани за наставниците за да можат да се справат со и да го спречат насилството во училниците и училиштата. Некои се основни активности коишто наставниците треба веднаш да ги применат во училницата, како што е употребата на конструктивна дисциплина и елминирањето на телесното казнување. За другите е потребно поголемо учество на училишниот кадар и на заедницата, како на пример применувањето на безбедносни механизми во училиштето.

Овие активности во училницата имаат за цел да им помогнат на учениците во создавањето и одржувањето на похармонична интеракција со нивните соученици и наставниците. Тие можат да бидат презентирани од страна на наставникот како дел дискусијата во класот или може да се употреби како почеток на идни креативни активности, како што е играње на улоги или натпревари за правење на постери. Со давањето на специфични насоки на учениците коишто ги дополнуваат практичните активности на наставникот, може да се стимулира дијалог меѓу наставникот и ученикот. Тие служат како помош за развој на ненасилна училишна култура и треба да бидат прилагодени на секоја училишна средина по пат на постојан дијалог меѓу наставниците и учениците, како и директорот на училиштето, советниците, лидерите во заедницата и здруженијата на родителите. Позитивната, без казни и без насилство училишна средина им ги обезбедува правата на сите – како на наставниците така и на учениците.

1. **Застапувајте холистички приод со учениците, училишниот кадар, родителите и заедницата**

**Зборувајте со училишниот директор, стручната служба, колегите, учениците, родителите и водачите во заедницата за да дојдете до заедничко разбирање за проблемот на насилство во вашето училиште.** Наставниците не можат сами да го спречат насилството во училиштата. Целата училишна заедница треба да се здружи за да постигне договор за донесување на силна и јасна порака дека насилството, сексуалното

малтретирање, малтретирањето и нетолеранцијата се неприфатливи во училишната средина. Кога сите ќе станат свесни за различните начини на кои се појавува насилството, за неговото влијание и за луѓето коишто се загрозени, ќе биде многу полесно да се најде решение.

**Помогнете му на вашето училиште да развие план за акција во соработка со сите горенаведени субјекти, како и со здравствените стручњаци, спроведувачите на законот, бизнис и другите клучни групи во заедницата.** Плановите за спречување на насилството кои се развиени со широка консултација и соработка имаат повеќе шанси да успеат отколку оние што се изготвени од страна на само една група на професионалци.

**Гледајте на кој начин може вашето училиште да ги намали ризичните фактори**, на пример со обезбедување на добро осветлена физичка средина или со тоа што ќе ги учите учениците на вештините за решавање на конфликтите без употреба на насилство. Намалувањето на можностите за насилство и давањето на алатките на учениците за спречување на насилството се, исто така, клучни во создавањето на безбедно училиште.

**Активности во училницата:** Замолете ги учениците да разговараат за училишното насилство еден со друг, со нивниот наставник и со стручната служба. Кој е загрозен и како? Кому во училиштето и во заедницата може да се обратите за помош? Направете список на лица и организации коишто можат да помогнат во спречувањето на училишното насилство и разговарајте на кој начин може да се дојде до нив.

**2. Направете ги учениците ваши партнери во спречувањето на насилството**

**Во училишниот курикулум вклучете образование за човековите права и мир.** Учете ги учениците за нивните права, како и за правата на нивните врсници, наставници, членовите на семејството и членови на нивната заедница. Можете да ги учите за човековите права и правата на децата преку приказни, дебати, играње улоги, игри и актуелни настани и во сите нив учениците се ангажирани да прават анализи и да го применуваат своето знаење за човековите права во реалноста на нивното училиште и заедницата.

**Користете ги верзиите за учениците од Универзалната декларација за човекови права и од Конвенцијата за правата на детето во печатена и електронска форма.** И во двата документи е зацртано правото на секој човек на образование и правото да расте и

учи во безбедна средина. Разговарајте за овие документи со вашите ученици и обидете се да изнајдете начин како правата на секој ученик да бидат почитувани, тој да биде заштитен и почитуван во училницата.

**Задолжете ги учениците да ги постават правилата и одговорностите во училницата.** Замолете го класот да напише кодекс на однесување заедно со вас за тоа кои дејства се во ред, кои дејства ќе ги повредат другите или ќе го нарушат редот во паралелката и кои активности се битни да можете да предавате, а учениците да можат да учат во мирна средина. Заедничкото пишување на кодексот на однесување ги става во јасна позиција правата и одговорностите на сите и го зголемува учеството на учениците.

**Активности во училницата:** Замолете ги учениците да разговараат со вас и меѓу себе за тоа што е насилно однесување, а што не е. Кои специфични права не се почитуваат во чинот на насилство? Предложете начини со кои ќе се крене свеста за човековите права во училиштето и промовирајте почитување на разликите, на пример преку дебати, настава во природа, игри, играње на улоги и раскажување приказни.

### 3. Користете конструктивни дисциплински мерки и методи

**Правилата во училницата треба да бидат позитивни, инструктивни и кратки.** Кога ќе се изготват правилата, списокот треба да содржи најмногу пет или шест правила. Списокот треба да биде едноставен и концизен. Правилата треба да бидат позитивно поставени, а не негативно, јасно да ги насочуваат учениците како да се однесуваат, а не како да не се однесуваат. Внимавајте да не бидат спротивни на општата училишна политика.

**Применувајте позитивна поддршка.** Поддржете го конструктивното однесување преку контакт со очите, климнување со главата или со насмевка. Може да ги наградите учениците и со дополнителни кредитни поени или дополнителни пет минути игра на крајот на денот. За учениците особена награда претставува доколку пред нив споменете постигнат успех. Може да номинирате група којашто најдобро се однесувала таа недела и да го истакнете името на таа група на видно место во училницата. Кога се користат такви признанија тогаш тие треба да бидат директни и мали, но сепак наградувачки.

**Применувајте дисциплински мерки што се поучни, а не казнени.** Треба да бидете сигурни дека кога применувате дисциплинска мерка кон некој ученик, таа мерка да биде

фокусирана на лошото однесување на ученикот и влијанието на таквото однесување, а не на самиот ученик. Зависно од природата на лошото однесување некои дисциплински мерки можат да бидат следните: одвојте време по наставата или за време на одморот да разговарате за лошото однесување – зошто настанало и што треба да се преземе за да се поправи; побарајте од ученикот да се извини; сменете ги местата; испратете порака до родителите или посетете ги дома; анализирајте ја сериозноста на ситуацијата и, зависно од ситуацијата, одлучете дали ќе го пратите ученикот кај директорот на училиштето.

**Активности во училницата:** Предложете им на учениците да формираат клуб против насилство. Можете да им помогнете да организираат активности за промовирање на мирна кампања и безбедна училишна средина за сите.

4. **Бидете активна и ефективна сила за запирање на малтретирањето**

**Работете заедно со наставниците, претставниците на учениците, училишниот кадар и членовите на заедницата за развој на заедничка дефиниција за малтретирањето за да можат сите да се залагаат за истите очекувања.** Во малтретирањето спаѓаат: физичко малтретирање: удирање, клоцање, туркање, давење, боксирање; вербално малтретирање: заканување, исмејување, задевање, говор на омраза; социјално исклучување.

**Постојано истакнувајте ги последиците од вербалната и физичката агресија.** Ефективни последици: се мали, за да можат да се користат постојано; ја зголемуваат строгоста при повторувањето на агресивното однесување; се предвидливи и директни; се базираат на истите очекувања од сите ученици. Обично консеквенците вклучуваат губење на слободното време, како на пример пауза, ручек со соучениците или вонаставни активности.

**Поттикнувајте ја стручната служба или кадарот да пружаат советодавни услуги на силециите паралелно со имплементацијата на консеквенците.**

Поддржувајте ги учениците коишто се мета на малтретирање. Поттикнете ги да разговараат со наставниците и стручната служба, а исто така, работете со родителите, учениците и кадарот за да ги заштитите да не станат повторно жртва на малтретирање. Поддржете ги и подучете ги набљудувачите да им кажат на возрасните, поддржете ги тие што се цел на малтретирање и спречувајте го малтретирањето. Еден начин ова да се

постигне е преку посредништво на соучениците и преку програмите за решавање на конфликти коишто ги обучуваат учениците да се поддржуваат, да ги пријават чиновите на малтретирање и учат стратегии за решавање на конфликти. Одадете признание и благодарност на активностите на учениците што се поддржуваат меѓу себе за да го спречат малтретирањето. Подеднакво е битно да се обезбеди тие што пријавуваат малтретирање да бидат заштитени од одмазда.

**Активности во училницата:** Замолете ги учениците да разговараат со вас и меѓу себе за тоа што е насилно однесување, а што не е. Кои специфични права не се почитуваат во чинот на насилство? Предложете начини со кои ќе се крене свеста за човековите права во училиштето и промовирајте почитување на разликите, на пример преку дебати, настава во природа, игри, играње на улоги и раскажување приказни.

5. **Градете издржливост кај учениците и помогнете им конструктивно да одговорат на предизвиците во животот**

**Градете издржливост кај учениците и способност успешно да се справат со секојдневните предизвици, стресови и несреќи со тоа што ќе им помогнете да изградат позитивни односи со другите.** Зголемената издржливост ја намалува можноста ученикот да реагира со насилство или да биде жртва на него. Наставниците коишто демонстрираат социјално, конструктивно однесување, ги насочуваат и нудат заштита, ја зголемуваат издржливоста на учениците со тоа што покажуваат позитивни, алтернативни начини со коишто може да се одговори на животните предизвици. Таквите наставници претставуваат модел за позитивни односи.

**Вклучете го вашето училиште во програма за образование за мир заради градење на вештини за решавање на конфликти.** Програмите за образование за мир им овозможуваат на учениците да сфатат како настанува насилството, да развијат способности конструктивно да одговорат на насилството и да научат кои се алтернативите за насилство.

**Поттикнете го вашето училиште да востанови училишна советодавна програма.** Стручните служби можат да ги поддржат учениците да се справат со тешкотиите во нивниот живот и да интервенираат превентивно. Тие можат да ги поддржат наставниците, училишниот кадар и учениците во спречувањето на и справувањето со насилството на

начин што: ќе делуваат како посредници во ситуации коишто се чини дека ќе ескалираат во насилство; ќе помогнат да се постигне мирно решение пред една ситуација да прерасне во физичко насилство; ќе работат како со жртвите, така и со насилниците и ќе пружаат психосоцијална поддршка; ќе промовираат проактивни програми дизајнирани да решаваат прашања како што се малтретирањето, злоупотребата на дрога и активности на бандите.

Организирајте игри со вашите ученици за спречување на конфликти. Замолете ги учениците да одглумат една ситуација, како на пример „Што ќе се случи ако се соочиш со насилник? Што ќе направиш?" Преку создавајње реални ситуации учениците учат како да се справат со стресни, непознати или комплексни ситуации. Исто така, организирајте игри во кои ученикот ќе игра нова улога, односно улога во која можат да се најдат другите ученици, со цел да се поттикне сочувствување. Замолете ги учениците да зборуваат за тоа како се чувствувале и кои решенија биле успешни. Посочете им на учениците дека насилните дејства и зборови, без оглед колку и да се небитни, нема да се толерираат. Постојаното спроведување на дисциплински мерки по некој прекршок направен на училиште претставува јасна порака до учениците дека злоупотребата и непочитувањето на правата на поединецот е недопустливо.

**Активност во училницата:** Организирајте активности за играње улоги во кои учениците ќе глумат жестоки конфликти. Замолете ги учениците да разговараат за секој конфликт и да најдат начини за нивно мирно решавање.

### 6. Залагајте се за безбедносни механизми во училиштето

**Поддржете и настојувајте училиштето да има силно и ефективно раководство.** Битно е тоа да работи со наставниците и образовните власти за да се развие и имплементира политика со којашто се елиминира злоупотребата на сила, насилните активности во нивната почетна фаза и да се изгради заедница на доверба во училиштата.

**Помогнете му на вашето училиште да востанови кодекс на однесување базиран на правата** којшто го признава правото на секој да учи и поучува во безбедна училишна средина, да пријавува чинови на насилство без одмазда и да учествува во донесувањето одлуки.

**Залагајте се за механизми за пријавување што ќе ги поттикнат учениците да проговорат против насилството.** Службите за пријавување треба да пружаат поддршка, да сочувствуваат и да бидат доверливи.

**Сериозно сфаќајте ги поплаките на учениците за насилство и имајте ја на ум нивната благосостојба.** Тоа значи да дадете соодветна тежина на она што ученикот го зборува и да не ја минимизирате ситуацијата.

**Активности во училницата:** Предложете да се организираат сесии за разговор со наставниците, учениците, училишниот директор и стручната служба заради востановување на училиштен кодекс за однесување на сите во училиштето.

7. **Научете вештини за спречување на насилството и решавање на конфликти и поучете ги учениците**

**Обучете се за решавање на конфликтите без насилство, за приодот на класното раководство базиран на човековите права и за образование за мир.** Замолете го директорот или лицата во локалните канцеларии на Министерството за образование за можностите за обука. Во Анекс II може да најдете дополнителни информации за материјалите кои нудат практични начини за спречување и решавање на конфликти во училиштата.

**Обидете се да користите техники за посредништво во конфликти и поучете ги учениците како да ги користат за решавање на сопствените конфликти.**

**Научете ги учениците на вештини за преговарање** коишто ќе им овозможат: да го дефинираат конфликтот („За што се расправаме? Зошто (а) и како се појави овој проблем?"); (б) да разменуваат ставови и предлози („Сметам дека треба да биде вака бидејќи..."); (в) да ја разгледаат ситуацијата од двете перспективи (на пример, преку играње на улоги или водење дебати); (г) да одлучат за опции во кои и двајцата ученици ќе излезат како ‚победници' („Ќе се обидеме на твојот начин денес, а утре на мојот, па ќе видиме кој начин е подобар."); (д) да постигнат разумен договор.

**Научете ги учениците како да посредуваат за постигнување на конструктивно решение на конфликтот на нивните соученици.**

**Изберете проблем кој може да се појави или се појавил меѓу вашите ученици.** Замолете двајца ученици да го одглумат проблемот, а трет ученик да им помогне да

дојдат до решението. Дајте му инструкции на третиот ученик да ги користи сознанијата што го има за своите соученици и за проблемот и да предложи што тој смета дека ќе биде добар компромис.

**Откако сите ученици ќе ги совладаат вештините за преговарање и посредување, секој ден определете по двајца ученици, по можност едно девојче и едно момче, да бидат официјални медијатори/мировници.** Ова правете го сè додека сите ученици не ги совладаат техниките на медијаторство. Улогата на официјалните медијатори е да посредуваат во спорови коишто не можат да ги решат инволвираните страни.

### 4.2.1 Општи Препораки

- Заедничко дефинирање на насилното однесување за да може да се оствари дијалог за креирање на превентивни активности и активности за справување со насилното однесување.
- Преземање одговорност и учество на сите членови на училишната заедница во креирањето и спроведувањето превентивни мерки и мерки за справување со насилното однесување.
- Воспоставување национална политика, процедури и механизми за превенција и справување со насилството во училиштата.
- Развивање училишна политика, процедури и протоколи за превенција и справување со насилното однесување.
- Отворање на темата за родово основаното насилство, сексуалното вознемирување и злоупотребата кои сè уште табу- тема во училиштата.
- Промовирање знаење и вештини за ненасилство.
- Спроведување активности и програми за запознавање и почитување на различностите, соработка и заеднички активности меѓу учениците од различни групи.
- Поголема соработка на училиштата со локалната заедница, други институции и организации, со цел овозможување целосна општествена грижа и заштита на правата на децата.

# ЛИТЕРАТУРА

**Домашна литература:**


1. Ангелоска-Галевска, Н. (2010), *Планирање на научно истражување* – интерен материјал за постдипломците од Педагошки науки и менаџмент во образованието - Скопје.
2. Ванковска Б., Хумана безбедност: Меѓу науката и глобалната политика, Годишен зборник, Филозофски факултет, Скопје, 2006.
3. Ванковска Б., Национална и/или хумана безбедност, Перспективите на Република Македонија на патот кон НАТО и Европска Унија, Министерство за одбрана на Р. Македонија, 2006.
4. Велковски, З. (2005), Lacrimae mundi, Скопје: Биро за развој на образование
5. Vozrast Kontakt Percepcii, Kako училиштата ги оформуваат релациите помеѓу етничките заедници-Студија (2010), Одделот за образование при Мисијата на ОБСЕ во Скопје.
6. *Водич за безбедни училишта.*(/), OSCE.
7. Вукосављевиќ, Н. (2001), *Ненасилство,* Прирачник за тренинзи од ненасилна разработка на конфликти за работа со возрасни. (Превод Јасмина Тодоровска). Белград: Центар за ненасилна акција.
8. Доневска, М., Богоевска, Н., Трбојевиќ,. (2010), Извештај од истражувањето за утврдување на причините за нередовно посетување на основното образование кај децата - Роми. Скопје: Фондација Институт отворено општество - Македонија.
9. Завршен извештај за самоевалуација на проектот „*Поддршка на напорите на образовните установи за создавање систем на интегрирано образование со безбедни училишта*" (2013) , Проект бр.2600782: Мисија на ОБСЕ во Скопје.
10. Зборник на трудови „*Социјална инклузија на деца и млади".*(2005), Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор" и Институт за социјална работа и социјална политика – Филозофски факултет.
11. *Индикатори за квалитетот на работата на училиштата.* (2011), Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија-Државен просветен инспекторат & USAID.
12. *Истражувања за мислењата на родителите за квалитетот на основното образование.* (2012), OSCE.
13. Јованова-Стоилкова, Е. (2013), *Сите во акција за безбедно училиште: Прирачник,* Скопје: ОБСЕ.
14. *Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование*, (2007), (ур. Таше Стојановски, Митко Чешларов). Скопје: Биро за развој на образованието на Р. Македонија.
15. Министерство за внатрешни работи на РМ, (2012), Потпишан меморандум за старт на проектот „Безбедни училишта – хармонична средина", Малолетничка

популација приоритетно место во секојдневното полициско функционирање.

16. Министерство за образование и наука (2012), Меморандум за соработка помеѓу Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Министерството за образование и наука за спроведување на проектот: 11-5052-1 (31.08.2012).
17. Министерство за внатрешни работи на РМ (2011), „Реонски полицаец ќе се грижиза учениците"
18. Мисија на ОБСЕ во Скопје (2012), „Истражување за мислењата на родителите за квалитетот на основното образование", Агенција Рејтинг.
19. Митревска М., Гризолд А., Бучковски В., Ентони В., 2009: Превенција и менаџирање на конфликти, Бомат-графикс, Скопје
20. Митревска М., „Хумана безбедност", Годишен зборник на Филозофски факултет на Универзитетот Св.Кирил и Методиј, Скопје, 2004.
21. Митревска М., „Градење на мирот и човековата безбедност во постконфликтна Македонија", Проект: Превенција на конф- ликти, Фондација Фридрих Еберт, Скопје, 2004.
22. *Nacionalna programa za razvoj na obrazovanieto vo Republika Makedonija 2005 – 2015*, (2005) Скопје: Ministerstvo za obrazovanie i nauka.
23. *Nacionalna programa za razvoj na obrazovanieto vo Republika Makedonija 2005 - 2015 so pridrusni programski elementi.* (2006), Skopje: Ministerstvo za obrazovanie i nauka.
24. Петроска-Бешка, В., Кениг, Н. (2011), *Како се пишува извештај за спроведено емпириско истражиvawе,* Skopje: Универзитет„Св.Кирил и Методиј"-Филозофски факултет.
25. Петровска-Бешка, В., Кениг, Н. (2005). Негативните етнички стереотипи како фактор за формирање предрасуди кај идните воспитувачи и одделенски наставници. *Зборник на Филозофскиот факултет-* Скопје (58), 87-99
26. Петрова -Јовановска Ѓ., Е. (2007). Современото училиште и моралното воспитание. Штип: Педагошки факултет; 30.
27. Петрова-Јовановска, М. (1999), Креативноста на учениците низ слободнитеактивности во основното училиште. Битола: Биангл;
28. *Поддршка на напорите на образовните установи за создавање систем на интегрирано образование со безбедни училишта*, (2013), Проект бр.2600782, Предлог проект: Мисија на ОБСЕ во Скопје.
29. Прирачник на социјална правда, (ур. Анѓелеска, Н.) (2009). Скопје: Фондација Институт отворено општество-Македонија.
30. Саздовска, В. (2008). Прирачник за менаџмент со човечки ресурси, Скопје: Македонски центар за меѓународна соработка, 46.
31. Семинар SOROS (1994), *Трансформација на училишните водачи,* Охрид.

32. Софијанова,Е. (2006). Неконтролирана конфликтност во организациското однесување, Скопје: Бигос, 96.

33. *Социјална инклузија на деца и млади.* (2005), Фондација за образовни и културни иницијативи Чекор по чекор, Skopje.
34. Спасовски, О., Крек, Ј, Вогринц, Ј., Метљак, М. (2013), Образованието на учениците со ниски постигања во учењето, Skopje: Фондација Институт отворено општество - Македонија.
35. Стратегија за намалување на насилството во училиштата 2012-2015. (2012), Министерство за Образование и Наука, Скопје
36. Томевска-Илиевска, Е. (2005) *Интерактивни пристапи во наставата.*Скопје: Филозофски факултет.
37. Трикиќ, З., Коруга Д., Врањешевиќ, Ј. и др. (2011), *Медијација меѓу врсници.* Прирачник за водачи на работилници од областа на образованието за вештини на медијација. Скопје: Forum ZFD&TCMC&GTZ.
38. Трикиќ, З., Коруга Д. и др. ..., *Прирачник за водачи на работилници од областа на образованието, за вештини на медијација, ...*
39. УНИЦЕФ, (2009), „Студија за иницијалната состојба со насилството во основните училишта во Македонија“. Скопје.


**Странска литература:**


40. Ajdukovic, D&M. Cesar,S. Kamenov,Z (2011): Prevencija nasilja u mladenackim vezama, Zagreb, 46-58
41. Adižes. I. (2005), *Upravljanje promenama, moc uzajamnog poštovanja i poverenja u privatnom i porodicnom životu, poslu i društvu*; ASEE Books –Novi Sad.
42. Armstrong, M. (2006). A Handbook of Human Resources Management Practice, London and Philadelphia:Kogan Page.
43. Banks, J.A. (1999), An Introduction to multicultural Education (2nd ed. ). Boston: Allyn I Bacon.
44. Bašić,J. (2009).Teorije prevencije:prevencija poremećaja u ponašanju I rizičnih ponašanja djece I mladih.Zagreb: Skolska kniga;
45. Bakovljev,M.(2007)Statistika u pedagoškim ispitivanjima. Beograd: Naucna knjiga;
46. Bašic,J.,Koller-Trbovic, N.,Uzelac ,S.(2004) Poremećaji u ponašanju I rizićna ponašanja.ERF,Sveuciliste u Zagrebu;
47. Basic,J., Zizak i sar. (1992) Programski aspekti tretmana djece i omladine s poremecajima u ponašanju.Zagreb: Socijalna zaštita;
48. Bandzur,V,Potkonjak,N.(1999) Metodologija pedagogije. Beograd: Savez Pedagoških društava Jugoslavije
49. Bouillet,D.Uzelac,S. (2007) Osnove socijalne pedagogije.Zagreb: Školska kniga;

50. Bud,Dj.(1996) Efikasne škole, Centar za usavrsavanja rukovodilaca u obrazovanju, Beograd;
51. Вујаклија, М., (1974) Лексикон страних речи и израза. Београд: Просвета;
52. Barrere, A., Sembel, N. (1998). Sociologie del'èducation, Paris:Ed. Nathan
53. Богданиќ, А.(2007). Комуникологија, Београд: Чигоја штампа.
54. Братаниќ М. (2002), Парадокс одгоја ( комуникација ), Загреб.
55. Братаниќ,М.(1993).Микропедагогија (комуникација и интеракција),Загреб,
56. Bennett, B. Rolheiser-Bennett, C. Stevahn, L. (1991) *Cooperative Learning*, Washington, Professional Development Associoation.
57. Centre for Early Childhood Development and Education (CECDE). (2006). Full and Part-time User Daycare Manual. Dublin: Centre for Early Childhood Development and Education.
58. Centre for Strategy and Evaluation Services (2008). Schools for the 21st Century – Analysis of Public Consultation. ec.europa.eu/education/school21/results/ report_en.pdf.
59. Children In Europe (2008). Young Children and Their Services: Developing a European Approach. A Children in Europe Policy Paper. www.childrenineurope. org.
60. Commission of European Communities (2007). Improving the Quality of Teacher Education: Communication from the Commission the Council and the European Parliament, Brussels. COM (2007). 392 final. ec.europa.eu/education/com392_ en.pdf.
61. Coughlin, P.; Hansen, K.; Heller, D.; Kaufmann, R., Rothschild Stolberg, J.; and Burke Walsh, K. (1997). Creating Child Centered Classrooms: 3–5 Year Olds. Washington, D.C.: Children's Resources International.
62. Cryer, D.; Harms, T. and Riley, C. (2003). All About the ECERS: A Detailed Guide in Words and Pictures to be Used with the ECERS-R. New York: Teachers College Press.
63. Dean,J. (1995), *Menaging the Primary School.* New York:Routledge.
64. Dessler G,( 2007 ). Upravljanje ljudskim potencijalima, Zagreb, 102-120.
65. Đordjevic, T. (1979). *Teorija informacija - Teorija masovnih komunikacija.* Beograd.
66. Cowie,H., Dawn,J. (2008), Managing violence in schools, A whole-school approach to best practice.
67. *Cross-national study of teaching and learning (Data collection workshop). (2001), American Instituts* for Research, Washington, DC: Pelavin research Center.
68. *Developments in Learning and Assessment,* (eds. M., P., M. Bob), (1999), Washington, DC: Hodder & Stoughton with the Open University.
69. Gašić-Pavišić, S. (2004a). Mere I programi za prevenciju nasilja u školi. U Zborniku broj 36. Instituta za pedagoška istraživanja (str.168-178). Beograd: Institut za pedagoška istraživanja.
70. Isić, U. (2010), *Vršnjačka medijacija: Vodič za pedagoge i psihologe*. Bosna i Hercegovina: OSCE
71. Mandic, T. (2001). Komunikologija, psihologija komunikacije, Beograd:Privredni pregled.
72. Markovic,M. (2003). Poslovna komunikacija.Beograd: Clio.

73. Marushic, S.(1994). *Upravljanje i razvoj ljudskih potencijala.*Zagreb:Ekonomski institut.
74. Mašic B. (1996).: *Strategijski menadžment*, Univerzitet " Braca Karic" i BK Institut, Beograd.
75. Milat,J. (2001), *Značenje humanističkog obrazovanja za razvoj multikulturalizma.* Split: Filozofski fakultet.
76. Mužić, V. (1986), *Metodologija pedagoshkog istraživanja,* Sarajevo: Svijetlost.
77. Olweus, D. (1993). Bullying at school: What we know and what we can do. Oxford: Blackwell.
78. Organisation for Economic Co-operation and Development (OECD) (2001). Starting Strong Early Childhood Education and Care. Paris, France: OECD Publications.
79. Organisation for Economic Co-operation and Development (OECD) (2006). Starting Strong II Early Childhood Education and Care. Paris, France: OECD Publications.
80. Organisation for Economic Co-operation and Development (OECD). (2008). Trends Shaping Education. Centre for Educational Research and Innovation.
81. Perotti, A. (1994), The Impact of the Council of Europe's Recommendations on Intercultural Education in European School Systems, European Journal of Intercultural Studies 5 (1) 9-17.
82. Pinheiro, P.S. (2006), Report of the independent expert for the United Nations study on violence against children, United Nations.
83. Popadić, D. (2009). Nasilje u školama. Beograd: Institut za psihologiju, UNICEF.
84. Радијковиќ, М. и Ѓорѓевиќ, Т. ( 2001). Основе комуникологије, Београд ;
85. Рот, Н. (1978). Социјална интеракција (Комуникације, опажања особа, наклоност и ненаклоност ), Београд:Друштво психолога СР Србије.
86. Savićevć, D. (1996), *Metodologija istražvanja u vaspitanju i obrazovanju,* Vranje: Univerziteta u Nišu Učiteljski fakultet u Vranju.
87. Smith, P. (2006), „Lalute contre la violence á l 'ècole: unperspective europèene", en: Rèduction de la violence á l 'ècole – unguided pour le changement, Strasbourg Cedex: Editiondu Conseil del' Europe
88. Stajić, LJ., Miljković, S. I Stanarević, S. (2006). Bezbednosna kultura mladih: kako živjeti bezbedno. Beograd: Draganić
89. *Survey of parental views on primary education.* (2012), Skopje: OSCE
90. Tofovic-Kamilova, M., Tomevska-Ilievska, E., Sejdini, M. (2013): '*Electoral status of the Albanian language in primary education*'. 16th Conference of Balkan Society for Pedagogy and Education. "The image of the "Other"/the Neighbour in the Education Systems of the Balkan Countries". University of Macedonia, Thessaloniki.
91. UNESKO Guidelines on Intercultural Education, Educational Sector UNESKO(ED-2006/WS/59)-CLD 29366, Paris.
92. United Nations Resolution on Education for All (1997).
93. UN Convention on the Rights of the Child (1990).

94. UN Convention on the Rights of Persons with Disabilities (2006).
95. Vidović, S., Radanović, M. (2004), *Radna sveska za medijaciju. Beograd:GTZ.*
